# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 октомври 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ја отворам 70-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мендух Тачи, Насер Ајдини, Али Ахмети, Фазли Велију, Агрон Буџаку, Славица Грковска, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Ристо Стојанов, Данаил Дончев, Силвана Бонева, Абдулади Вејсели и Гарип Каба, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се: Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Неждет Мустафа, Марјанчо Николов, Сафет Незири и Слободан Најдовски.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашања, поставени од пратениците Кенан Хасипи, Ратко Димитровски, Марјанчо Николов и Валентина Божиновска.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Иван Анастасовски и Владимир Ѓорчев.

Повелете господине Ивановски, процедурално.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе,

Пред да ја започнеме оваа седница дозволете процедурално да побарам и евентуално да добијам одговор од вас, за да имаме еден заеднички договор.

Ситуацијата во Република Македонија е исклучително сериозна. Вчерашниот инцидент кој ни се повторува, сега ги гледам документите за слична ситуација, каде што загина припадник на Министерството за внатрешни работи, разговаравме пред неполни два месеца, вчера се случи уште еден тежок сериозен инцидент.

Со оглед на тоа што и на минатата седница пратенички прашања ја одложивме да разговараме токму, за жал за таков инцидент, сакам процедурално од вас да побарам една работа. Денеска да ја одржиме седницата на пратеничките прашања, а во меѓу време да ја задолжиме Владата, односно Министерство за внатрешни работи да достави писмена информација за вчерашниот немил настан и за проценките за развој на безбедносната ситуација генерално, посебно со осврт на тој крај, по завршувањето на седницата за пратенички прашања, да продолжиме со итна седница, на која што ќе разговараме за вчерашниот инцидент. Доколку тоа не е возможно после 18,00 часот, тоа да го направиме утре, како втора опција. Но мислам дека е повеќе од потребно, приоритетно и неодложно ова Собрание заеднички да ги осуди вчерашните инциденти, да поразговара за тоа дали истите можеа да бидат спречени или не, и најмногу од се да разговара што Владата на Република Македонија, која што е избрана од ова Собрание и нејзините институции, под итно мора да направат во следниот период, вакви ситуации повеќе да не ни се повторуваат. Бидејќи да ве потсетам, во слична насока, повторно ќе речам за жал, разговаравме пред неколку месеци. СДСМ во тој момент заедно со останатите опозициони партии предложи заклучоци за Владата на Република Македонија и останатите институции. Тие за жал, не беа усвоени, но мислам дека во овој момент ни е потребно заеднички, единствен и сериозен пристап и пред се, одговор на ваквиот голем проблем, кој што колуминираше вчера, а сакаме да спречиме во рамките на Уставот и законите и сериозно а не аматерско дејствување вакви работи да не ни се случуваат.

Затоа, мојата и нашето пратеничко процедурално барање е по завршувањето на седницата за пратенички прашања, Собранието да продолжи со итна седница на која што ќе се разговара за вчерашниот немил настан.

Втората опција е, тоа да се случи утре, но не подоцна од утре, а во меѓувреме со заклучок да ја задолжиме Владата, дали Министерство за внатрешни работи, или како тоа ќе го направат да ни достави писмена иформација, за да можеме по истата да расправаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи овие наши седници за пратенички прашања, се високо организирани седници со списоци, и тн., со редоследи и се знае секоја секунда како ќе оди, ценам дека вашиот предлог е конструктивен, ценам дека ситуацијата на која тој предлог се однесува е многу сериозна, но истовремено треба да ви кажам дека постојат некои технички пречки за начинот, за сценариото кое го предлагате. Прва меѓу нив е што мораме да бидеме вечерва на отворањето на Самитот во Охрид, кој е со месеци организиран. Евентуално утре, варијантата за утре ми се чини дека е подобра. Но, за сето ова вашиот предлог е доста богат, дали би имале вие нешто против ако закажам 20 минутна координација да се договориме се точно да имаме цврсто сценарио и да продолжиме онака како што ќе се договориме.

**Игор Ивановски:** Бидејќи ми поставивте прашање, претседателе, мислам дека, барем се надеваме и сакаме да веруваме дека во оваа сала нема некој кој што ќе се спротивстави на ваквиот конструктивен и рационален предлог, бидејќи тој е во интерес на Македонија. На ниту една политичка партија не и е во интерес, а најмалку на граѓаните и нашите перспективи да ни се случуваат вакви работи какви што се случија вчера.

Токму за тоа, веднаш ви дадовме и втора варијанта. Иако ние мислиме дека ситуацијата апсолутно, не смее да трпи одложување и дека нема повисок интерес во моментот, вклучително и некои други протоколарни настани, кои што би можеле да ја загрозат таквата расправа. Пред се, донесување на општо прифатени конструктивни и практични заклучоци.

Мислам дека Собранието може заедно во договор со Владата да изготви заеднички договор и настап и дека нема потреба целата Влада вечер да присуствува на тоа отворање. Ако е тоа нивна одлука или на повеќето пратеници, ве молам, да дадете заклучок дека тоа може да се направи неевентуално утре, туку утре, бидејќи ситуацијата не трпи одлагање. Таа алармантна и сакаме за  неа да разговараме и да донесеме соодветни заклучоци, кои што ќе ја обврзат Владата да постапува согласно дискусијата и ситуацијата и информациите на теренот.

Затоа мислам дека нема потреба од дополнително одлагање и губење време во смисла на координација, за нешто што треба да е јасно, а тоа е дека мораме да разговараме и да донесеме заеднички заклучоци преку заедничка дискусија. Доколку попладне или вечерва Владата има други приоритети, тогаш тоа да го направиме утре. Можеме да почнеме и порано, наместо во 11,00 часот. Значи, едноставно да не ги употребуваме формалните недоречености, или обврски, за да не ја реализираме оваа најкрупна обврска во моментот бидејќи за Македонија клучно е во овој момент да донесе сериозен став во однос на тоа што ни се случи вчера. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓицата за внатрешни работи побара процедурално, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Зедов збор само доколку е можно да придонесам за што побрзо носење на одлука по ова прашање. Од позиција на министер за внатрешни работи и член на Владата, ние сме спремни кога Парламентот ќе одлучи да разговараме за прашањето. Останува да се договорите кој термин е најсоодветен за тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имено, за тоа јас мислам дека координацијата ќе трае многу кратко и затоа закачувам координација во сала 8, по однос на ова прашање, само 15 минути.

(Пауза од 11,40 часот)

(По паузата седницата продолжи во 11,55 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Почитувани колеги, продолжуваме со седницата.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Кенан Хасипи,  Ратко Димитровски, Марјанчо Николов и Валентина Божиновска.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Иван Анастасовски и Владимир Ѓрочев.

Министерот за култура достави одговори на пратенички прашања поставени од пратениците Агим Рамадани и Тахир Хани.

Министерот за надворешни работи достави одговори на пратенички прашања поставени од пратеникот Валентина Божиновска.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратенички прашања поставени од пратеникот Агим Рамадани.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратенички прашања поставени од пратеникот Сафет Незири.

Министерот за образование и наука достави одговори на пратенички прашања поставени од пратениците Селвије Салију и Оливер Шамбевски.

Го молам пратеникот Неждет Мустафа да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање. Чинам господиниот Неждет не е тука.

Го молам пратеникот Марјанчо Николов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање. Чинам господиниот Марјанчо Николов  не е тука.

Го молам пратеникот Сафет Незири да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање. Чинам господиниот Незири не е тука.

Го молам пратеникот Слободан Најдовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Моето присмено прашање до Владата се однесуваше на фамозната приватизација на "Лозар" - Битола од почеток до денешни дни. Прашањето ми беше конкретно до Владата за конкретен одговор, имено, во колкава мерка е исполнет секој од критериумите од приватизацијата на "Лозар", а тоа се: цена, инвестиции, вработени, пазарни перфоманси, оценка на понудувачот и степен на слобода. Само да напоменам, врз основа на поднесена заинтересираност на ЦИП - Продукт за секој од овие критериуми има дадено свои вредности. Моето прашање беше сега да се направи споредба колку поединечно од овие критериуми се исполнети и врз основа на тоа да се види дали оној кој што го купил "Лозар" ги исполнил критериумите од тендерот и потпишаниот договор или не.

Владата не ми одговори баш ништо во однос на моето прашање, одговара сосема друго, за кое се согласувам господинот Ставрески го има потпишано одговорот и се согласувам во целина со она што го напишал во одговорот, но не одговорил на прашањето.

Затоа, би ве замолил господине потпретседател на Влада да ми одговорите конкретно на прашањето за секој критериум врз основа на кој ЦИП - Продукт го добил "Лозар" колку е денеш исполнет, понудиле цена на вредност на акциите и дали ја постигнале таа вредност и дали е платен тој износ. Потоа, понудиле инвестиции, дали инвестициите се исполнети. Понудиле мислам дека ќе имаат 400 ново вработени, дали тоа го имаат исполнето. Тоа е она што јас го барам од вас, а би ве замолил да ми одговорите конкретно на прашањето, бидејќи на 30. 12. 2004 година се уште постоеше Агенцијата за приватизација на Република Македонија, која поднесе известување со кое го прекинува договорот со ЦИП - Продукт заради неисполнување на договорот. До ден денес ништо не е постапено во однос на тоа прашање. Само ќе ве информирам и во претходниот Парламент кога бев во парламентарното мнозинство ова го барав, и ден денес не го добив тој одговор.

Се сомневам дека на повидок е ново "бачило" во Република Македонија кое ќе биде 7-8 пати поголемо од првото "бачило". Имено, државата ќе треба не знам по која логика дури на ЦИП - Продукт да му плаќа одреден износ на пари.

Би ве замолил, вие сега не можете, знам, но писмено доколку сакате да ми одговорите, исполнувањето на овие критериуми, до каде е со известувањето од Агенцијата за прекинување на договорот, бидејќи е изменета сопственичката структура спротивно на важечките закони во Република Македонија. Со оглед на времето кое ми беше само 3 минути, ако сакате и писмено ќе ви се обратам кои податоци ги барам. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Господине Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Му благодарам на почитуваниот пратеник за прашањњето, односно за дополнителното прашање и Владата ќе достави во писмена форма дополнителен одговор на неговото прашање. Би замолил на писмено да ги специфицира овие работи уште еднаш и ќе обезбедиме одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи, допрецизираност, благодарам.

Го молам пратеникот Кенан Хасипи да се произенсе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање. Пратеникот Кенан Хасипи, чинам исто така не е овде.

Го молам пратеникот Ратко Димитровски да се произенсе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Моето пратеничко прашање беше со иста содржина, односно за еден ист случај кој што се случи пред година и три-четири месеци во Кочани, односно со бесправно вселување на 23 семејства во една ноќ во објект кој беше на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор. Истото прашање беше поставено и до министерот за транспорт и врски и до министерот за правда, а прашањето беше дали се преземени мерки за тие бесправно вселени лица да се регулира нивниот статус, односно дали треба да се иселат или треба да останат таму. Од добиените одговори се гледа дека се покренати судски постапки, завршени се судските постапки, меѓутоа не се реализирани.

Моето дополнително прашање е до министерот за правда на кој начин ќе се дореализира ова што е наведено во моето прашање, односно на кој начин ќе се извршат овие судски пресуди. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот заменик министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Му благодарам на почитуваниот пратеник за дополнителното прашање. Со оглед дека се работи за конкретен случај, писмено ќе го известиме за одговорот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Го молам пратеникот Марјанчо Николов да се произенсе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Не сум задоволен конкретно од одговорот. Прашањето се однесуваше на Фабриката за масло "Благој Ѓорев" и некако е слична ситуацијата како што објаснуваше колегата Слободан Најдовски, благодарение на неажурната работа на судовите и пристрасните одлуки сега имаме една ситуација која не можам во ова време од три минути доволно да ја објаснам. Меѓутоа, би апелирал до Министерството малку повеќе да се позанимава со овој случај и со оваа фабрика како би можело колку толку да се спречат евентуалните поголеми штетни последици кои ќе настанат, а дополнителното прашање ќе го поставам повторно писмено за да може да добијам и соодветен одговор, бидејќи како што кажав во рок од три минути не можам доволно да го образложам, а веројатно и заменикот министер не ќе може да одговори.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Валентина Божиновска да се произенсе дали е задоволна од одговорот

добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам почитуван претседателе.

Морам да признам дека во тек на две седници на пратенички прашања, моето прашање се однесуваше повторно на еден од ретките комбинати “Велес табак”, комбинат за производство и продажба на тутун. Таму има во комбинатот времена мерка, Министерството за правда и полицијата, нели беше загубен предметот на Економскиот факултет, многу уредно ја заврши својата работа. Одговорот беше премногу обемен, што значи дека сега топката конечно е префрлена до Судскиот совет во кој треба да се разгледа работењето на судиката Валентина Петреска од Велес, но бидејќи времената мерка се уште е во еден од најголемите комбинати во Република Македонија, а заради тоа може да се случи да се загрозат стотици и стотици семејства, се надевам дека по вештачењето кое е извршено по трет пат во фабриката “Велес табак”, дека конечно претседателот на судот кој ја имаа таа одговорност да го изземе предметот од судиката, а при тоа Судскиот совет ќе работи на проверка на работата на судиката Валентина Петреска, се надевам дека по извршеното вештачење кое е во интерес на фабриката “Велес табак” конечно ќе го решиме случајот со еден ваков голем комбинат, а со тоа ќе спасиме стотици луѓе, а јас како пратеник од Изборната единица број 3 благовремено ќе си ја завршам својата работа и навистина му благодарам уште еднаш на Министерството за правда, навистина три месеци беа потребни за да го имаме клучниот одговор на моето поставено прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Значи немате дополнително прашање.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произенсе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван претседател.

Да се потсетиме што беше прашањето: До кога жителите на месната заедница од населба Железничка станица - Куманово нема да можат по легален пат да ги обновуваат и да вадат нови патни исправи и лични карти. Прашањето беше на некој начин тогаш формулирано до Министерството за внатрешни работи, но дел во прашањето имаше и се обратив и до Министерството за транспорт и врски. Јас ќе речам дека сум задоволен од брзината со која одговори Министерството за внатрешни работи и од она што е нивна законска форма овде наведена во прашањето. Продолжувам понатаму. Дополнителното мое прашање сакам сега да го упатам до Министерство за транспорт и врски, бидејќи тука го гледам заменикот, знам за неговата експедитивност и би сакал што побрзо не на мене туку за луѓето за кои е битно да се дадат прецизни информации и тоа би било добро да биде по писмен пат. Овде се кажува дека дел од проблемите кои ги поставив јас за жителите од населбата Железничка станица треба да се лоцираат во локалната самоуправа, односно делот кој е надлежен за транспорт и врски, така како што пишува овде во прашањето бидејќи подрачните единици за транспорт и врски веќе се укинати. Но, кога добро го анализирав проблемот со кој се соочуваат поголем број граѓани од општина Куманово, би рекол дека овде не спаѓаат само жителите од населба Железничка станици, туку кога разговараме со некои други пријатели од Куманово, сфатив дека се работи за луѓе кои живеат во населба “Игор Тричковиќ”, населба “Долно Којнари”, населба “Вера Которка”, населба “Јане Сандански”, село Добрешани и село Проевци. Кога ќе се земе овој податок, сите овие населени места и двете села кои ги наведов, се работи за поголем број на жители на територија на општина Куманово.

Бидејќи и раководителот на овој сектор во општината ми побара да го види лично одговорот на ова прашање, затоа дополнителното прашање го пренасочува до Министерство за транспорт и врски, ги замолувам да дадат детален опис на ова и да арбитрираат во правец да се надмине ова прашање. Дури почитуван претседателе, јас кога отидов да вадам моја патна исправа, не можев да извадам, меѓутоа, не сум во оваа категорија “мртви души”. Не можев да извадам патна исправа на новата адреса каде што живеам во моментот, а сите материјали можат да ми стигаат. Значи јас сум некоја “полумртва душа” како би се рекло, и жителите од мојата зграда.

Ќе замолам во правец на решавање на проблем на жителите од овие населени места кои ги спомнав да се вклучи Министерството и да даде прецизен и детален одговор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи вие апелирате, а немате дополнително прашање. Прашањето е исто со апел да се интервенира.

Го молам пратеникот Владимир Ѓорчев да се произенсе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи на прашањето што се однесува на транспортот на масло за јадење од страна на фирмата “Брилијант” од Штип во 2004 година или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Делумно сум задоволен од одговорот кој што го добив, но имам дополнително прашање.

Ќе го прочитам суштинскиот дел од одговорот, а тој вели: дека во текот на 2004 година по објавените натписи во повеќе телевизиски и пишани медиуми дека на подрачјето на Штип се врши незаконит транспорт на нафта и нафтени деривати, од страна на Министерството за внатрешни работи и беа преземени активности итн, при што беше утврдено дека не се работи за шверц на нафта и нафтени деривати туку станува збор за претовар на нерафинирано масло за јадење за потребите на фирмата "Брилијант" од Штип.

Тоа веќе го чувме и во 2004 година секако не можевме да очекуваме поинаку нешто, дека полицијата од Штип за "Нико Петрол" од Штип и за "Брилијант" и за пријателите на Бранко Црвенковски, ќе утврди нешто поинаку. Но исто така имаме во одговорот, вели, доколку Министерството за внатрешни работи добие квалитетни информации за овој случај, секако ќе се преземат активности за целосно документирање на евентуалните инкриминации, како и за утврдување на лицата инволвирани во нивното извршување.

Што е поентата? Тоа е дека директно, конкретно, недвосмислено самиот "Нико Петрол", самиот "Брилијант" и самата полиција преку конференција на Мирјана Контевска, директно од Хари Костов беше кажано дека во исти цистерни се пренесувало масло за јадење до одредена година, а после тоа во истите цистерни кои што биле измиени со детергент и со "Сјај", од ОХИС веројатно, било пренесувано масло за јадење. Значи во истите цистерни во кои имаме кемлерови таблици, внимавајте кемлерови таблици кои со шифра, со бројка директно кажуваат дека во нив се пренесуваат нафтени деривати, барем да се сетеле кога ги снимале и сликале цистерните да ги симнеле тие кемлерови таблици, велат во истите цистерни се превозувало масло за јадење. Станува збор за директно кривично дело, станува збор за доведување во опасност на здравјето на граѓаните и Министерството за внатрешни работи може да го праша било кој нутриционист, било кој стручњак за прехранбени артикли, било кој доктор, било кој од Хематологија или поврзано со болестите за карциноми и да го добие тој одговор.

Значи, би замолил целиот стенограм од моево излагање да биде даден до Министерството за внатрешни работи и би побарал дали ќе има одговорност за оние кои во исти цистерни префрлувале во една година нафтени деривати, а после тоа масло за јадење. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за внатрешни работи госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе, пратеникот Ѓорчев постави дополнително прашање на кое писмено ќе му одговориме.

**Љубиша Георгиевски:** Го молам пратеникот Владимир Ѓирчењв да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи на прашањето што се однесува на откупот на акции на градежната фирма "Пелагонија" од страна на фирмата "Д-р. Пановски", или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Владимир Ѓорчев.

Владимир Ѓорчев: Благодарам претседателе. Делумно сум задоволен од одговорот на прашањето од МВР и исто како и за минатото прашање би замолил за писмен одговор, затоа што сега ќе прочитам дел од одговорот. Вели: Во 1997 година во рамките на работењето и т.н. поднесена е 21 кривична пријава против директори и вработени во ова Акционерско друштво за сторени кривични дела и самовластие, оштетување и повластување на доверители, затајување и фалсификување на исправа. Наведените кривични дела се извршени при склучување на договори за продажба на станови и деловен простор, како и со противправно присвојување на предмети и парични средства од АДГ - "Пелагонија". Понатаму се вели, дека МВР и понатаму ги следи состојбите. Јас во секој случај би апелирал и би дал во секој случај позитивна оценка за тоа што МВР го работи за случувањата во "Пелагонија" до 1997 година. Но, имаме нешто што е многу поскорешно, а тоа е дека фирмата Д-р "Пановски", значи фирма која што се занимава со лекови, фармација, здравство, цитостатици, антибиотици и сл., одеднаш влегува во градежниот сектор, во градежниот бизнис и купува 36% од државните акции преку берза, а после тоа, значи тука е суштинскиот и клучниот дел од прашањето, остатокот од акции го купил преку раководители на "Пелагонија", а тие вработени ги купиле правата на купување од работниците и тоа последниот период од 7 години. Дали сето тоа е законски и колкава е штетата.

И особено би замолил за одговор во делот на побарувањата од Ирак. Значи, побарувањата од Ирак од страна на "Пелагонија" за 198 милиони 915.327 долари. Значи внимавајте, побарувања од 198 милиони долари на име извршени работи и врз основа на доставено барање до Комисијата за обештетување при Обединетите нации до датум 30.06.1993 година. Гледате во меѓувреме за колку пари всушност фирмата Д-р "Пановски" ја откупува АДГ "Пелагонија", фирма гигант која што своевремено вработувала ниту помалку, ниту повеќе, туку 9 до 10 илјади вработени, а сега вработува околу 1000 вработени.

Значи, прашањата се однесуваат на делот на откупувањето на акциите преку правата на работниците и раководителите. И секако, што станува со Ирачките побарувања на "Пелагонија"?

Љубиш Георгиевски: Има збор Гордана Јанкуловска, министер за внатрешни работи.

Гордана Јанкуловска: Благодарам претседателе. На прашањето на пратеникот Ѓорчев ќе одговориме по писмен пат.

Љубиш Георгиевски: Го молам пратеникот Агим Рамадани да се произнесе, дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за култура, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине претседателе. Задоволен сум од одговорот даден писмено од министерот за култура.

Немам дополнително прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Краток беше одговорот, но разбрав дека немате дополнително прашање и дека сте задоволен од одговорот.

Го молам пратеникот Тахир Хани да се произнесе, дали е задовоелн од одговорот добиен од минситерот за култура, или сака да постави дополнително прашање?

Пратеникот Тахир Хани е отсутен.

Го молам пратеникот Валентина Божиновска да се произнесе, дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за надворешни работи, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Одговорот е онака како што очекував од МНР, бидејќи тоа е спорно прашање последниве 10, 12 години во сите влади. Се однесуваше на преминот во Преспа Маркова Нога, Долно Дупени во кое иницијатаор секогаш било нашето Министерство за надворешни работи за конечно подигање на тој граничен премин. Но, одговорот од Грчката страна е статус кво какво што беше всушност во последните 8 години и тоа е тоа што можеше МНР. Во секој случај благодарам за исцрпниот одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Го молам пратеникот Агим Рамадани да се произнесе, дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на прашањето што се однесува на обновата и реактивирањето на хидромелиоративниот систем "Липково", или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Задоволен сум од одговорот и нема потреба од дополнително прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Го молам пратеникот Агим Рамадани да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на прашањето што се однесува на формирање на шумска полиција и вработување на шумари, или сака да постави дополнително праШање?

Има збор пратеникот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине претседател. Исто така, задоволен сум од дадениот одговор. И во овој одговор децидно е утврден начинот на постапката за приемот на новата шумска полиција до крајот на оваа година. Значи, имаше план и програма, имаше агенда за трансформација на шумарите во шумска полиција.

И во оваа насока би поставил дополнително прашање. Бидејки бевме сведоци на масовните пожари на шумите во текот на летово, дали планира Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да направи пошумување, или садење во местата каде што се оштетени шумите од пожарот. Барам да ми се одговори писмено. Но, до колку може министерот да ми одговори и усмено.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот министер за земјоделие Ацо Спесеноски.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе. Благодарам на дополнителното прашање на пратеникот. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Владата на Република Македонија веќе отпочна со акцијата на пошумување на сите површини кои беа зафатени со пожарите. Затоа оваа година ќе се пошумуваат околу 2000 хектари, а следната година ќе се пошумуваат дополнителни 5,500 хектари за што средства се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија за следната година. Моментално на терен работиме со расчистување на површините кои беа опожарени и паралелно почнуваме со акцијата. Акцијата за пошумување на изгорените површини започна во Битола минатата недела и континуирано продолжува и натаму. А дополнителните планови за пошумување и целиот акционен план што Министерството го достави до Владата во пишана форма ќе му биде испратена на пратеникот како одговор на дополнителното прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Следниот одговор се однесува на господинот Сафет Незири кој е отсутен.

Го молам пратеникот Селвије Салију да се произнесе, дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за образование и наука, или сака да постави дополнително прашање?

Госпоѓата Салију е отсутна.

Го молам пратеникот Оливер Шамбевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за образование и наука, или сака да постави дополнително прашање?

Господинот Оливер Шамбевски е отсутен.

Процедурална интервенција има господинот Бучковски.

**Владо Бучковски:** Претседателе, го користам правото да протестирам за дискриминаторскиот однос што го правите, или вие, или Владата, затоа што на прашања поставени на иста седница има експресни одговори, како што е прашањето што го псотави колегата Владимир Ѓорчев. А моето прашање кое тврдам дека е многу поедноставно, поставено минатиот пат до Владата, затоа што МВР не сака со мене да комуницира, нема одговор. Затоа јавно сега ќе го повторам уште еднаш прашањето, затоа што

сметам дека намерно МВР не одговара на моето прашање. Читам од стенографските белешки. “Барам писмен одговор дали следниве лица, госпоѓата Гордана Јанкуловска како поранешен член на Управниот одбор на Национална платежна картичка поминува, или не, во крим евиденцијата. Дали господинот Миле Јанакиески...”

**Љубиша Георгиевски:** Не знам што е процедурата тука.

**Владо Бучковски:** Јасно е што е процедурата и јасно ви е зошто нема таков експресен одговор, како што нема на второто прашање каде што прашав и покрај забелешките на колегата Николовски ќе повторам. Дали министерот за економија се согласува со ставот на потпретседателот на Владата Ставрески дека продажбата на ТЕЦ Неготино е завршена работа, затоа што тогаш изјави дека ...

**Љубиша Георгиевски:** И ова не е процедурална интервенција.

**Владо Бучковски:** Голема процедурална забелешка е ова претседателе, затоа што правите филм со прашањата на Ѓорчев и на тие од позицијата, а ние од опозицијата сме доведени на овој начин да бараме одговор на прашањата. Вие може и понатаму да тврдите, тогаш е најлесно да речеме, одговорен е секретарот на Собранието, затоа што не доставил дел од дополнителните прашања. Како тоа експресно имаше одговор на такви сложени прашања за колегите од позицијата?

**Љубиша Георгиевски:** Што се однесува до процедуралната ваша интервенција на адреса на моја милост, јас не сум задолжен со ништо да одговарам на прашањата доставени до Владата. На пратеничките прашања Владата има право на селекција и однос кон секое прашање. Значи, јас не можам да одговарам во името на Владата. Прво тоа да го исклучите. Останатото, како вие со Владата, какви прашања ќе поставувате, тоа е стриктно ваша работа, во тоа не сакам да се мешам.

**Владо Бучковски:** Ние поставуваме прашања овде во Парламентот, вие ги препраќате до Владата. Значи, бараме овде или усно да одговори Владата, или писмено. Јас овде барам на 30.08.писмено да одговори Владата за овие лица дали поминуваат во крим евиденција и писмено барам Министерството за економија да одговори дали се согласува со господинот Ставрески. Нема одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е ваше право. Ваше право е исто така, да поставите ново пратеничко прашање на денешната седница кое ќе се однесува на тоа зошто Владата не одговара, а не да имате таканаречена деловничка интервенција.

Има многу процедурални јавувања, јас просто не сакам времето драгоцено за пратенички прашања да се троши на вакви “процедурални” интервенции. Но, додека не ги чујам не сакам ништо да тврдам.

Процедурално има пратеникот Марјан Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам почитуван претседателе. Значи, јас во делот на процедурата. Бидејќи на координација е утврдена листата на пратеници кои ќе поставуваат пратенички прашања, дел од пратениците не учествуваат на координацијата, па до колку е можно во писмена форма да добиеме листа за редослед на поставување на пратенички прашања и да видиме каде можеме ние да се најдеме во редот на оние кои ќе постават пратенички прашања, кои не сме биле на координација.

Значи, мојот предлог е, до колку можеме да ја имаме таа листа, односно тој редослед кој пратеник е на ред да поставува пратеничко прашање и да видиме каде сме оние пратеници кои не учествуваат на таа координација.

**Љубиша Георгиевски:** За една минута ќе ја добиете листата.

Процедурално има пратеникот Ристо Пенов.

**Ристо Пенов:** претседателе, јас добив писмен одговор на моето прашање поставено до министерот за здравство, а вие не ме прочитавте во списокот на пратеници кои добиле одговор, за да се изјаснам по тој одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е грешка од наша страна. Не знам како не влегло во сценарио. Однапред ви се извинувам. Ќе истражиме каква е грешката, од каков тип и ќе ве известиме. Не верувам дека е намерна.

**Ристо Пенов:** Може ли сега да се изјаснам?

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, штом сте пропуштени. Експликацијата од службите е дека не е добиен одговор. Но, вие повелете.

**Ристо Пенов:** Добив одговор.

Јас на последната седница на која имаше пратенички прашања поставив дополнително прашање до минситерот за здравство, каква е состојбата со долгот, финансиските долгувања во здравството и за колку е тој пораснат. И добив писмен одговор од министерот за здравство од кој не сум задоволен. На 15 страници министерот за здравство со политички флоскули ми одговара за напорите кои што ги прави Министерството за здравство за да се намали долгот. Но, не ми одговара конкретно на прашањето. Јас овде можам да истакнам дека ги ценам напорите кои што министерот и Министерството за здравство ги правата за да се намалат долговите во здравството. Но, не можам да се сложам со конкретните постапки кои Министерството, или Фондот, или не знам кој ги презема за да тој долг се намалува. Ќе наведам неколку факти. Прво, денес е 25 октомври и 4 илјади вработени во Клиничкиот центар во Скопје немаат сеуште земено плата. Или за прв пат во историјата на Република Македонија вработените во Клиничкиот ценат не можат да го остварат своето право да земат личен доход по истекот на месецот, или нешто приближно околу први. Денес е 25 октомври и не се знае точно кога тие

ќе земат плати, сеуште е неизвесно. Морам д анапомнеам дека овие вработени минатата година ова време на овие вработени им беше намалена платата за 12% со непочитувањето на Колективниот договор.

И моето дополнително прашање би било, моите пресметки говорат дека, ако на овој начин не се исплаќа платата, за 4 години навистина долгот на Клиничкиот центар ќе се сведе на нула. Но, сакам да го прашам министерот, дали е оваа методологијата по која што Министерството за здравство сака реално да го намалува долгот? Или да наведам втор факт. Во Клиниката за Урологија единствениот апарат за лечење на камен во бубрег во Република Македонија не работи веќе 7 месеци. Пари за негова поправка немало и дали е тоа начинот за намалување на долгот во Фондот, или во Министерството за здравство, со тоа што пациентите ќе патат од оваа најболна болест, да речам, камен во бубрег. Или трет факт, на Клиниката за кардиологија ако денес се пријавите за преглед, ви закажуваат преглед после 5 месеци. Искуствата говорат дека болните, или оние што се во прединфарктна состојба за 5 месеци сигурно ќе добијат инфаркт. И можеби токму затоа е волкав рокот. Ако за подолго време се добива инфаркт, можеби подолго време на чекање ќе има, затоа што ставот од Кардиохирургија е дека ургентните случаи ги земаат. Значи оној што ќе добие инфаркт, ќе добие преглед. Но, оној кој што сака превентивно да се лекува, не може. Дали се ова методите за намалување на долгот и ако се, јас со тие не можам да се согласам.

**Љубиша Георгиевски:** Крајната формулација може ли да се земе како ваше дополнително прашање.

**Ристо Пенов:** Да. На кое барам писмен одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Во меѓувреме претрагите се правеа горе, навистина не е најден одговорот. Тоа уште останува прашања. Јас се извинив, своето го направив. Но, за ваша информација ова го велам и сега засега се е во ред.

Заменикот министер за здравство, би сакал да се изјасни.

**Ристо Пенов:** Писмено барам да ми се одговори.

**Љубиша Георгиевски:** Писмено барате да ви се одговори.

Да, повелете, имате збор.

**Владимир Лазаревик:** Писмено е му одговориме на господинот Ристо Пенов, во секој случај, меѓутоа еден краток коментар, заради тоа што овде беа наведени невистини, во секој случај.

Прво, не е точно дека на овој начин се намалуваат долговите. Ние цела година се справуваме со долговите што беа затечени. Вие ќе бидете и дополнително писмено известени колку всушност изнесуваат сегашните состојби, што се радикално намалени во однос на минатата година.

Неисплатата на платите на Клинички центар не е резултат на немање или недостиг на пари, туку е недостаток од административно-технички пречки, што ќе се решат во наредниве неколку денови. Ќе се исплатат средствата.

Само на кратко за Урологија, апаратот не се расипал сега и тој не е поправан со години. Го има истиот проблем. Во апаратурата што ја нарачуваме и што е во финална процедура првата фаза од големиот тендер има токму таков апарат наменет за Клиниката за урологија.

Конечно, само на кратко да кажам, точно е ова што го кажа пратеникот Пенов за Кардиологија. Навистина, во Македонија, нашите пациенти во најголем процент боледуват од картиоваскуларни заболувања. Вистински се чека по многу време. Меѓутоа, во интерес на ова обезбедуваме два дополнителни коронарографи. Едниот ќе биде во Кардиолошкиот центар во Охрид, а другиот во Клиничката болница во Битола. На тој начин ќе се растовари и системот на лекување, а ќе се намалат и болничките листи, конкретно за кардиоваскуларните заболувања.

Пратеникот ќе биде дополнително известен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Претпоставувам дека за деловничка интервенција се јави госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе.

Се јавувам за процедурална забелешка до министерот за внатрешни работи и до премиерот Груевски.

На моето поставено пратеничко прашање од 16 јули, во усна форма, овде, во овој дом барав и писмен одговор на прашањето за каубојскиот упад во дискотеката "ВИП" во Крива Паланка, што се случи во ноќта на 14 јули во 01,00 часот...

**Љубиша Георгиевски:** Драга колешке, драга колешке, процедуралните или ако сакате деловничките забелешки се адресираат на претседавачот на седницата, а не на членови на Владата. Значи, адресата ви е погрешна. Најдете друг начин. Има повеќе. Советувајте се, ова што саката да го кажете, да го кажете.

**Благородна Цветковска:** Јас мислам, претседтеле, забелешката ми е на место, само да пренесам прашање...

**Љубиша Георгиевски:** Не, добро.

Има збор господин Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Само на кратко, го добив списокот на утврдената листа на пратеници кои ќе поставуваат пратенички прашања. Би сакал само со еден предлог да сугерирам, за следната седница, кога ќе бидат поставувани пратенички прашања, оние пратеници кои не учествуваа на координацијата, претходно да се обратат до вас за да можат да бидат ставени во листата на оние пратеници кои ќе поставуваат пратенмички прашања. Ова го

кажувам во мое име и јас тоа ќе го направам. За другите пратеници не. Меѓутоа, би сакал за следната седница да се применува ова како праска. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Го почитувам овој предлог. Се обидуваме нешто во таа насока да направиме. Напредуваме полека, но напредуваме.

Сега да преминеме конечно на поставување на пратенички прашања.

Збор има господин Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Моите прашања се насочени за премиерот.

Почитуван премиеру, почитувани членови на Владата. дозволете ми да ги поставам своите неколку прашања.

Првото прашање е до вас господине претседтеле.

Денеска се навршува точно еден месец од инцидентите кои нанесоа голем срам и на Собранието, меѓутоа и во целост на нашата држава и на нашите евтоатлантски аспирации. Вие имавте една изјава, со која што изразивте општа осуда на сите инциденти. Беа неколку инцидети, пет или шест во Собранието. Меѓутоа, за жал, од вас не слушнавме специфична точна осуда, прецизна осуда на еден инцидент за кој што преземањето мерки е во ваша лична надлежност.

Имено, сакам отворено да ве прашам дали, како претседател на Владата, чиј што член е господинот Елмази, заменик министерот за внатрешни работи, дали вие го видовте негвото однесување на текевизиските камери, односно дали имавте можност да ја видите снимката каде што јасно се гледа дека членот на Владата, господинот Елмази го малтретира, му се заканува и го удира опозициониот пратеник господинот Положани?

Ако сте ги виделе тие снимки, тогаш ме интересира зошто не презамавте одредени мерки, или можеби сте презеле, а јавноста не е информирана? Имено, дали сте го повикале господинот Елмази и сте го прашале на што се должи неговото такво однесување, дали сте го опомениле, дали како член на Владата, бидејќи не сте презеле санкции према господинот Елмази, дали вие, како претседател на Владата всушност се согласувате и долерирате такво однесување на член на Влада? Јас сум убеденм дека не е така и затоа би ве замолил да бидете прецизен, до колку можетел во одговорите на овие прашања. затоа што се работи и за угледот и ваш личен, според мое мислење и на Владата на Република Македонија.

Сакам да ве убедам дека, бидејќи сум бил член на коалициона Влада, знам колку е комплицирано да се работи во сложени коалициски односи со повеќе партнери. И, знам дека тактизирањето, толетанцијта се еден од нужните елементи да успешјо се води една таква Влада. Особено тие квалитети и вредности се бараат од премиерот на Владата.

Меѓутоа, има прицип‍и кои се над секакви коалициони тактизирања. Во име на тие принципи јас ги барам овие одговори на овие прашања и очекувам од вас да, иако можеби некој ќе каже дека е доцна, да преземете соодветни мерки.

Ова, особено поради фактот што ужива‍та неспорно висок рејтинг во јавноста и авторитет и во вашата Влада, така што секој македонски граѓанин всушност се прашува и ќе се прашува до колку не примените соодветни занкции врз членот на вашата Влада, господинот Елмази, зошто вашиот висок рејтинг и авторитет не сте в состојба да го примените во една ваква очигледна ситуација, каде што, да повторам, член на вашата Влада малтретираше, му се закануваше и физчки го нападна и го удираше опозициониот пратеник?

Се надевам дека вие, како премиер, затоа што тука е одговорноста ваша, бидејќи вие имте уставни надлежности да предлагате и да разрешувате членови на Влада, тој чекор ќе го преземете. До колку не го преемете, дозволете ми да ви укажам на тоа дека по неколку години, кога најверојатно ќе правите анализа и ретроспектива кога всушност е оној критичен момент кога вашата нагорна популарност и авторитет почнале да одат надолу, веројатно за таков момент ќе го најдете овој момент ако не реагирате врз основа на вашите овластувања во санкционирањето на силеџиското однесување на член на вашата Влада. Тоа е моето прво прашање.

Моето второ прашање се однесува исто така до вас, бидејќи вие имавте експлицитна изјава во врска со зголемувањето на платите, законски проект што беше поддржан едногласно од сите пратеници тука во Парламентот, дека платите не само што ќе стигаат на време, туку нормално ќе бидат зголемени за 10%. До овој момент, половина од буџетските корисници, оние на кои им ги зголемивте платите, немаат добиено плата за месец септември.

Ве молам за одговор на ова прашање, на што се должи ваквата неспособност и некоординираност. Да ве потсетам, преку 30 илјади луѓе во образованието немаат применмо плата иако завршува месецот.Во име на тие 30 луѓе во образованието сакам да ве прашам кога тие луѓе ќе добијат плата?

И. што е уште пострашно, а за што спомна, кажа збор-два и мојот колега пратеникот Пенов, вашата Влада, вашиот минситер за здравство имаше неколку огласи по весниците во кои што велеше дека за прв пат во македонската историја платите на здравствените работници стигаат на први. Да го потсетиме вашиот министер дека денеска е 25-ти, во Клиничкиот центар никој не примил плата, а според соцнанијата нема да примат плата за септември дури, најмалку пред,

значи не е возможно да примат плата до 15 ноември.

Значи, да образложам, едно прашање е тоа штоп на луѓето платата ќе им доцни преку 50 дена, второ прашање е на што е ова последица? Се разбира, ова е последица на еден комплетно промашен концепт за реформа на Клиничкиот центар. И, прашањето што секој граѓанин на Република Македонија си го поставува е следно, ако вака трансформираниот клинички центар не е во состојба во задоцнување од 50 дена да изврши една елементарна операција на поделба на плати на вработените, тогаш како ќе биде во состојба да се грижи за многу пософистицирани операции насочени кон пациентите?

Токму овој пример на неспособност да се поделат плати на Клиничкиот центар, всушност ја покажува во старт и целата промашеност на овој проект. Да повторам. Ако луѓето не се способни во овој трансформиран Клинички центар да поделат плати на вработените, што да очекува еден обичен пациент кој е упатен на Клиничкиот центар. Ме интересира, дали ќе преземете, како премиер, санкции врз оние кои се одговорни за ова скандалозно и незапаметено во историјата, доцнење на платите во Клиничкиот центар?

Моето трето прашање е исто до вас, господине премиер.

Уставниот суд, пред неколку дена ја укина Одлуката на Владата со што се предвидуваше давање средства на министрите кои не се од Република Македонија, за сервисирање на нивните трошоци што ги имаат во матичните држави. Опозицијата неколку пати ве предупредуваше дека оваа Одлука што ја донела Владата не е уставна. Уставниот суд, надлежен за оваа работа, донесе соодветна одлука. Со тоа, всушност, се потврди неуставната, протифправна исплата на огромни средства на членови на Владата.

Моето прашање, бдиејќи сега ова е факт дека неуставно, противправно од Буџетот се исплаќале средства на неколку мина, според мојата евиденција пет или шест и членови на Владата и други високи функционери, тројца членови на вашата Влада и еден заменик министер, значи четири членови и директорот на Агенцијата за странски инвестиции, ако не се лажам.

Јавноста многу пати прашуваше, опозицијата прашуваше, не добивме одговори колкава е сумата до сега потрошена на овој неуставен и противправен начин? Нашите сознанија се дека се работи за близу милион долари. Дали таа е сума точна, тоа е прашање број еден, колкава е, второ кој ќе сноси одговорност, трето како и кога овие средства ќе бидат вратени во Буџетот на Република Македонија?

И, суштинското прашање, што овие министри придонесоа за толку скапо да бидат платени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Прашањата беа упатени до господинот премиер.

Повелете господин премиер.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Во врска со првото прашање би сакал да одговорам прво дека уште еднаш сакам да го изразам своето жалење за немилите настани што се случија овде во Парламентот помеѓу членовите на Парламентот односно помеѓу неколку членови на Парламентот, од кога еден од членовите на Парламентот физички одговори на одреден говор на пратеникот Вејсели. Мислам дека тоа беше еден од најлошите чинови што ги има ова Собрание во својата историја.

Во врска со евентуално утврдување на одговорност, сакам да ви кажам дека со внимание ја следам работата на Анкетната комисија на Собранието, дека ги прибирам сите информации, разговарав со повеќе личности во врска со тоа уште утредента, а и во наредните денови што следуваа потоа. По завршувањето на работата на Анкетната комисија ќе одговорам дали и кон кого од моја страна би се презеле одредени чекори по тоа прашање. Најрпво би сакал да го сочекам завршувањето на Анкетната комисија, како не би се пропуштиле одредени важни детали што би можеле да влијаат на евентуална одлука по тоа прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали е пратеникот задоволен од одговорот?

**Јован Манасијевски:** Благодарам госпдоине претседателе.

Не сум задоволен, затоа што премиерот не одговори на прашањето дали го видел инцидентоте на ТВ снимките. Ако го видел, а верувам дека го видел, какви дополнителни сознанија му се потребни за да преземе елементарно логичен и етички чекор тој човек кој така силеџиски се однесува, да не биде член на неговата Влада?

Истрагата во Парламентот и во Комисијата, што според ова темпо ќе заврши некаде околу Нова Година е сосема друга работа. Особено затоа што и пораките што ги добиваме од Брисел и од седиштето на НАТО и од седиштето на Европската унија се недвосмислени. Верувам дека и на претседателот на Владата му се соопштени и на заменик претседателот, одговорни за европски интеграции, исто така се бара преземање на конкретни чекори за политичка одговорност.

Прашањето, господине премиеру е следно, дали го видовте инцидентот на ТВ снимките и дали ви е уште нешто потребно повеќе од самиот тој очигледен суров факт, кој што, за жал, е наша стварност? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ова е вашето дополнително прашање.

Процедурално, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател.

Со внимание го сослушав господинот Манасијевски кој навистина е некоректен и

гледаме дека сака да придобие од една состојба во која учествуваа тие со сиот арсенал за да доздадат во Македонија еден метеж или една сцена што ќе припаѓаше на еден општ метеж, како што знаат СДСМ и ЛДП, сателитот на СДСМ да го направи тоа, ДУИ сателитот на СДСМ, да направат еден метеж.

Господине Манасијевски, имаш политичка кариера и знаеш дека силеџии не можеш да наречеш никого без да се докажат фактите и аргументите дека тој направил нешто такво. И, биди малку покултурен, бидејќи јас можам да те навредам сега и можат да ти излезат очите од местото од моите навреди што можам да ти ги упатам...

(Пратениците од СДСМ и ЛДП гласно реагираат).

Затоа, биди малку коректен, да докажеме дали е виновен заменикот министер пред да го наречеш силеџија. Кој те овластува да го наречеш силеџија заменикот министер.

(Пратеникот Игор Ивановски дофрла - вака после се создаваат инциденти. Пратеникот Бучковски реагира на ваквата дискусија што се искажува како процедурална забелешка).

... Биди малку покоректен.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам без дијалози.

На процедуралните интервенции, ве молам сите пратеници да ми се обраќате мене, да нема директно обраќање меѓу пратениците. Ниту оној кој има интервенција, ниту оние кои седат на местото да не се обраќаат меѓу себе. Редовно, процедурално е да ми се обраќаат мене. Ако има некакви забелешки, преку мене. Дикцијата треба да биде обраќање на претседавачот на седницата. Процедуралната дикција. Штом се пробие таа дикција, настануваат меѓусебни дијалози и доаѓа до непријатни работи.

Господин Андреј Жерновски има процедурално, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван пртседателе, уште еднаш да ви укажам на тоа што ви укажуваме, всушност, од моментот кога седнавте на таа позиција. Тука не беше во прашање дикцијата, туку дадовте да се интервенира процедурално и јас не видов во што е, ниту македонската јавност и колегите во што беше повредена процедурата од страна на пратеникот на ЛДП, господинот Манасиевски. Штом ќе утврдите дека сте дале збор за процедурална интервенција и дека тоа не е во склоп на Деловникот, треба веднаш да го одземете зборот. Дали се работи за координатор на коалиционен партнер на ВМРО ДПМНЕ или не, тоа не е битно. Значи, не дали ја упатува до вас или не, туку требаше веднаш да го одземете зборот, бидејќи со ништо не беше повредена процедурата, туку напротив пратеник на Либерално демократска партија постави деловничко прашање до претседателот Владата на Република Македонија. Ве молам, друг пат да интервенирате веднаш.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е ваша проценка, јас не можам да интервенирам тогаш кога вам ќе ви падне на памет, туку кога јас ќе сметам за потребно.

Одиме на второто прашање.

Кој ќе одговори на второто прашање?

Процедурално само трошете го времето, ова е драгоцено време за опозицијата, но трошете го.

Повелете ваше е цело.

**Владо Бучковски:** Забелешката е упатена до вас затоа што кога говореше Вејсели не слушавте што дофрламе. Координаторот на пратеничката група на ДПА нема право да реагира, кога се поставува прашање до премиерот и посредно, заканувајќи се на ЛДП, на СДСМ да му испраќа пораки на премиерот. Вие само требаше да му го одземете зборот, а не сега да глумите овде дека сте вие фер и коректен. Напротив, повторно правите грешка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на вашето укажување, ќе го земам сериозно предвид.

Второто прашање беше упатено до премиерот. Тоа е прашањето за платите на администрацијата.

**Никола Груевски:** Уште еднаш би сакал да ја искористам приликата и да го убедам господинот Манасиевски дека одлуката на Владата е конечна и дека со поминувањето на ребалансот, кој што за жал седеше во Парламентот малку подолго, значи, се расправаше за него малку подолго одколку што очекувавме, иако тоа беше така платите ќе си бидат исплатени и 10% покачување веќе кај тие што ја земаа платата се содржани во нивните плати. Оние што немаат земено плата, најмногу се заради технички причини, доцнење со доставување на листите, со пресметките или некои други технички причини, така што тоа делумно се должи заради тоа што самиот ребаланс заврши после први, значи неколку дена после први, ако не се лажам, 5, 6 или 7 октомври и делумно се должи на ситни тенички проблеми, кои што секако во наредните неколку дена до почетокот на следната недела ќе се испрват и дека и во социјала и во друг, како што спомнавте па и во здравство ќе се поделат платите онака како што Владата вети. Владата вети со 10% зголемување на платите, така што без грижа. Ние досега во најголемиот дел од времето платите ги исплаќавме навреме, сега имавме нов момент, го имавме ребалансот кој што го чекавме во Парламентот, одредени технички проблеми настанале меѓу ПИОМ и здравство, меѓутоа со овој исклучок ние и понатаму ќе си продолжиме со редовна исплата на платите, но зголемени за 10% онака како што Влдата пред месец и половина вети и пред околу 2 недели го помина ребалансот овде на Парламентот, со кој што се овозможува оваа плата да се подели со 10% зголемување. Така што, тоа така и ќе биде направено. И да има некои технички проблеми, тие технички проблеми во наредните неколку денови ќе бидат испрвени и се ќе си продолжи

онака како што е зацртано. Зголемените 10% ќе си бидат составен дел од платата на сите вработени во државната администрација и тие во наредните една година ќе земаат таква плата, а по една година ќе имаме уште едно зголемување на 10% на веќе зголемените плати за 10%, за подоцна година дена потоа, значи за две години од сега да го имаме и третото зголемување од 10%, што кумулативно ќе биде зголемување од околу 34%.

Инаку, во здравството дополнително зголемувањето ќе биде поголемо, затоа што во изминативе 12 месеци постепено имаше зголемување на вкупно од околу 8%, така што тие 8% ќе можете да ги надоградите на овие 34 што почнаа да се реализираат и се на се над 40%, околу 42 или 43% ќе имаме во наредните две години односно со минатата 3, зголемување на платите во здравството.

Сакам уште еднаш да се заблагодарам на прашањето и да ве уверам дека овие технички проблеми што беа во минатите денови на неколку министерства, бидејќи на околу половина од министерствата веќе платите се исплатени, дека тие ќе се решат односно ќе се затворат и дека платите и на останатите кои што не добиле од разни причини, ќе бидат исплатени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе.

Само сакам да ви укажам дека не го упативте премиерот на одговор на моето прво дополнително прашање, затоа што јас имав дополнително прашање, премиерот не ми одговори. Веројатно, нема што тука да одговори.

Во однос на ова второ прашање, моето прашање повторно беше експлицитно. Јас знам дека има проблеми, затоа и доцнат платите, меѓутоа кога ќе бидат исплатени платите во образованието, тоа беше конкретното прашање, за преку 30 илјади луѓе и кога во клиничкиот центар. Се работи за два одделни случаи, затоа што платите во образованието, доцнат веројатно поради едни причини, поради соодветната неспособност на соодветните органи да ги спроведат сите овие нови одлуки и решенија и нови пресметки, а кај платите на Клиничкиот центар се работи за многу посериозна дискфункционалност. Како резултат на трансформација на клиничкиот центар, уште долго, значи најверојатно според проценките платите за септември луѓето ќе ги примат со 50 дневно задоцнување. Моето прашање е и во однос на двете теми беше дали премиерот смета дека некој е конкретно одговорен и дали како премиер ќе преземе соодветни санкции против тие што се одговорни за евидентносто доцнење, без разлика каде и да се лоцирани тие пробли. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, имате дополнително прашање за образованието, за платите во сферата на образованието, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам за дополнителното прашање.

Платите во здравството и во образованието ќе бидат исплатени на почетокот на следната недела.

Инаку, кога зборуваме за одговорноста, сакам да ве потсетам дека во минатиот период кога беше на власт вашата партија ЛДП, СДСМ, платите редовно во здравството се исплаќаа после 20-ти некогаш 25-ти, а некогаш и до 30-ти во наредниот месец, со задоцнување од околу 25 до 30 дена. Тоа можете да го проверите со лекарите, со медицинските сестри и со другиот персонал што работи таму. Дуриу по доаѓањето на власт на ВМРО ДПМНЕ и на коалицијата на НСДП, ДПА и сите други коалициони партнери дојде до поместување на плаќањето на платите, најпрво постепено, а подоцна тоа беше сконцентрирана на 1 или околу 1, со што се направи една голема корекција и исправање на една голема неправда што беше направено во минатото. Ова е прв пат сега, бидејќи имаме доцнење на ребалансот, имаме нови пресметки и веројатно некои технички проблеми да се случи задоцнување на платите, кои што, уште еднаш ќе ви кажам дека сето тоа ќе биде завршено следната недела. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Третата тема беше здравството.

Дали сте задоволен од одговорот. Имаше еден одговор од страна кога се договаравте за писмен одговор. Не сте задоволен. Тоа е завршено и за тоа е во ред. Значи, трите прашања се завршени. Во врска со третото прашање имаше некаков полу одговор, коментар од здравството.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Владата на Република Македонија, како и во секоја друга ситуација ги почитува одлуките на Уставниот суд, така и ќе биде и со оваа одлука на Уставниот суд, независно какво мислење ние имаме за таа одлука. Така што, секако дека таа одлука ќе си биде испочитувана. Одлуките на Уставниот суд најчесто се или негативни во смисла на укинувње или се со укинување или се со поништување. Колку што сум информиран во овој случај се работи за укинување, што значи од денот кога е донесена па понатаму престанува да важи. Кога имаме ситуација кога е поништена, тогаш ретроактивно има такво важење. Според моите информации оваа одлука е укината и ние од денот на нејзиното објавување, па натаму ќе ја почитуваме како и сите други одлуки на Уставниот суд.

Инаку, беше спомната некоја сума од 1 милион, не е ни приближно на таа сума, јас точно не ја знам сумата меѓутоа дополнително може да се утврди и да се информира.

Имаше уште едно потпрашање, што направиле господинот Самак и господинот Ташковиќ, јас кратко ќе ви кажам дека тоа што беше нивна задача во овој период тие ја исполнуваат. Тие имаа задача да комуницираат со што поголем

број странски инвеститори во голем број на држави тоа и го правеа. Патуваа во многу држави во многу компании, ја презентираа Република Македонија, ги презентираа предностите за инвестирање во Република Македонија, можностите кои се даваат, лобираа во самите компании. При наредното донесување на одлука да се инвестира во Македонија тоа да го направат и да ја изберат Македонија. Некои од тие компании понатаму ќе носат одлуки, некои размислуваат, некои доаѓаат и ја разгледуваат состојбата, така што тоа беше нивната работа. Нивната работа беше да ги презентираат оние работи што ги нуди Република Македонија директно во компаниите, кај луѓе што ги носат одлуките, да воспсотават директен контакт со многу такви компании, со многу такви личности и тоа и го прават во овој период со сите потенцијали со кои што тие располагаат. Посетија поголем број на држави, огромен број на компании, примаат исто така инветитори кои што доаѓаат во Република Македонија, ги помагаат, некогаш ги упатуваат до Агенцијата за странски инвестиции, некогаш самите отвораат врати за некаде каде што имаат проблеми, така што во тој контекст тие ја извршуваат таа задача што им е дадена од Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали е пратеникот задоволен од дадениот одговор од страна на премиерот?

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе.

Моите прашања беа експлицитни. Со одлуката на Уставниот суд за укинување на членовите од Законот за извршување на Буџетот е утврдено дека на неуставен начин биле одлеани средства од Буџетот. За тоа мора да се сноси одговорност. Тоа е првото прашање.

Значи, кој ќе сноси одговорност за тоа.

Второ, колкава е сумата. Не е во ред да се ивлекувате господине премиер, затоа што идентично вакво прашање имаше пред неколку седници на Парламентот и ние не добивме експлицитен одговор и сеуште го чекаме тој одговор. Нашите пресметки кои што не се официјални, се дека се близу еден милион долари. Ве млам, демантирајте ме на начин со испраќање на официјална информација, затоа што таа информација веќе неколку месеци ја браме, не само ние како пратеници, туку медиумите, а имаше и неколку уводници кои ја прозиваа Владата точно да се даде сумата која што на овој начин е одлеана. Така што, одговорноста за евентуалните шпекулации околу сумата исклучиво на Владата и на најдобар начин Владата може да ја демантира со испраќање на официјална информација. Понатаму, она што мене ме загрижува господине претседателе, што веднаш по обнародувањето на одлуката на Уставниот суд, официјалниот гласноговорник на Владата, на официјална прес конференција соопшти дека независно од одлуката на Уставниот суд, владата ќе најде начин да продолжи со исплатата. Сега, тоа е клучното прашање. Значи, од тоа што го кажа гласноговорникот на Владата, доколку е тоа официјален став, а верувам дека е официјален затоа што не беше демантиран, произлегува дека суштински вие не само што нема да ја спроведете одлуката на Уставниот суд, туку и ќе ја саботирате. Ќе најдете друг начин со друга одлука, веројатно повторно против уставна да ја продолжите исплатата, па повторно ќе чекате оној рок од една година што му е потребен на Уставниот суд, повторно да ја поништи таа одлука.

Моето дополнително прашање до вас е дали вие стоите зад ставот што го кажа потпаролот на Владата дека вие, без разлика на одлуката на Уставниот суд ќе продолжите со сервисирање со значајни средства за овие наши членови на Владата што се од дијаспората.

Она што е суштинско, за резултатите министерот Самак токму на пратеничко прашање пред 5-6, месеци вети спектакуларни инвестиции, а рокот што си го даде сам, беше октомври. Ништо од тоа нема. Господинот Ташковиќ од позиција на министер се обидува да си наплати стар долг од една од банките во Република Македонија, а господинот Ивановски ме лаже дека се работи за персонални компјутери, а всушност се работи за терминали. Тоа се моите дополнителни прашања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе одговорите писмено или усмено?

Повелет господине премиер.

**Никола Груевски:** Нема што да додадам, Владата ќе ја почитува одлуката на Уставниот суд. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега, на ред е за поставување пратенички прашања господинот Матоши Ружди, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседател.

Јас ќе поставам три прашања, кои што ќе бидат од економски карактер, институционален, меѓутоа и буџетски.

Првото прашање е токму од економски карактер, јас доаѓам од 6-та Изборна единица како пратеник избран од граѓаните во оваа зона. Економијата во 15 години е многу засегната и поминала низ некои исклучително тешки перифетии, сите знаеме дека во Република Македонија сме имале ислучително тешка транзиција на економијата, во државен и општествен капитал во приватен или капитал на економија на пазар. Исто така и во зоната 6 каде што се опфатени граѓаните од градовите, Тетово, Гостивар, Осломеј, Зајас. Тоа се средини чии што економски и стопански капацитети кои што беа наследени од комунистичкиот период, нема некоја лесна трансформација, напротив се има манипулации и кога овие зони се гордееа со некои стопански гиганти сега е токму

спротивното. Значи, не се гордеат со тоа. Јас ќе спомнам само неколку гиганти, всушност само неколку спектори каде што имаме вработени кои што се производители, всушност тоа е фабриката Југохром, сега веќе е приватизирана, која што фабрика се обидува да преживее и да опстане. Имаме спортско рекреативен центар Попова Шапка, потоа Кнауф во Дебар, во ТЕЦ Осломеј, потоа Мавровска хидроелектрана итн.

Меѓутоа, ова се многу мали капцитети кога се има предвид бројот на жителите, возраста на овие жители, значи доминира младата возраст, имаме исклучително многу од помладата генерација. Тоа е добар стопански капцитет како работна сила. Оваа зона кога слушна за проектот на Владата дека, наводно Владата планирала слободна индустриска стопанска зона во Полог, тоа беше иcлучително добро прифатено и очекувано. Токму околу оваа зона се сконцентира и моето прашање, значи од жителите на зона 6, се очекуваше како надеж на работа, која што ќе ги зголеми стопанските капацитети и ќе ја намали невработеноста. Слободната стопанска зона во Скопје која што дава плодови и резултати, каде што Владата ги даде своите капацитети во спроведување на развојот на оваа зона и верувајте дека доколку истата се направи и во зоната 6, каде што знам дека имате испланирано една индустриска зона и тоа ќе ги зголеми стопанските капацитети и ќе имаме поразвиено стопанство и попрогресивно стопанство во истата. Затоа, сакам да дознам од Владата до каде се работите од тој аспект, акде заостанале, колку ќе се развиваат во понатамошниот период и кога граѓаните од зоната 6, значи од Тетово, Гостивар, го очекуваат, се со надеж за тоа прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за здравство. Знам дека со одлука на Владата се доделени околу 40 милиони евра средства, кои што ќе бидат наменети токму за здравствена апаратура.

Вие знаете во каква состојба ги наследивме болниците во Република Македонија. Меѓутоа, во текот на оваа година се забележува исклучително ефикасна здравствена услуга и услови во болниците во Република Македонија. Меѓутоа оваа услуга ќе се зголеми само тогаш кога навистина овие 40 милиони евра ќе станат апаратура и ќе имаме збогатување на болниците во Македонија, што се однесува на апаратурата за дијагностицирање и за операционализација на здравствените работи. значи, една мала информација, што се однесува на овие средства, кога овие средства ќе бидат распределени и кога ќе се преобразат во апаратура, зборрувам за болницата во Тетово. Тука има исклучително голем број пациенти, меѓутоа имаме сиромаштија што се однесува до апаратурите. Меѓутоа од овие 40 милиони евра ќе имаме средства кои ќе можеме да ги искористиме за апаратура во оваа болница.

Третото прашање е за основање на многу очекуваната установа, посебно за граѓаните Албанци, институцијата за културно наследство на Албанците во Скопје.

Годината што помина граѓаните сфатија дека беше година на основање на неколку установи што Албанците никогаш не ги имале во Република Македонија, основањето на театарот, основањето на галериите, сега набрзо очекуваме да се мобилизираме и да почне со работа библиотеката. Меѓутоа, имаме длабоки опструкции од страна на локалната власт во Тетово. На 22 ноември треба да се основа институтот за национално културно наследство Албанците, во Скопје.

Во недостаток на министерот за образование, меѓутоа туку не е ниту заменик министерот за образование...

**Љубиша Георгиевски:** Тука е заменикот министер за култура.

**Ружди Матоши:** Јас знам дека тоа е проект на Министерството за образование, а не на Министерството за култура. Институтот за културно наследство на Албанците е прокет на Министерството за образование. Знам дека тука е присутен заменик министерот за култура, но тоа е проект на Министерството за образование. Меѓутоа, јас ќе побарам за ова мое прашање, се разбира, кога министерот кога ќе се врати од неговите службени патувања и обврски, знам дека тие се присутни на некои меѓународни активности, активности кои се многу значајни за нашата држава, јас на писмено ќе побарам до каде се работите, каде застанале работите, работи кои ние ги очекуваме за што е можно побрзо да завршиме позитивно и да стартираме во Скопје со еден многу значителен институт за нас, институт што не сме го имале.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Првото прашање од сферата на економијата, господине Матоши вие го поставувате до Владата.

Одговор на прашањето ќе даде заеник премието господинот Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Му благодарам на почитуваниот пратеник за прашањето кое е од исклучително значење, а се однесува на економската состојба на граѓаните во еден голем регион во Македонија, во западниот дел на Македонија, меѓутоа ќе одговорам и директно на вашето прашање што секако е значајно и во контекст на вкупните економски состојби во Македонија.

Би се согласил со вашата дијагноза дека економската состојба во однос на функционирањето на бившите големи капацитети, навистина е лоша и за жал, тоа е наследство од лошата приватизација што беше извршена од политичката гаринитура која во тоа време беше на власт и решаваше за тие прашања. Меѓутоа тое не е доволно. Една Влада како Влада мора да наоѓа решение за состојбите, независно какви се и ние тоа го правиме. Во тој контекст работиме на повеќе полиња и јас точно

ќе ви објаснам што правиме во секој од сегментите.

Во делот на функционирањето на слободните економски зони ние сме фокусирани на развој на слободните економски зони, бидејќи сметаме дека тие содржат голем потенцијал за донесување на инвеститиори и дека во тој дел Владата мора да биде конкурентна со останатите земји во регионот. Затоа ние формиравме 4 зони, зоната Бунарџик 1, Бунарџик 2, зоната во Штип и зоната која вие ја спомнавте, а таа е во полошкиот регион.

Владата ангажираше фирми за изработка на проектот за зоната во Тетово како и за зоните во другите региони, затоа што тоа е предуслов да се привлечат инвеститори односно да се започне со изградба на зоните. Истовремено, согласно најдобрите светски искуства, го конципиравме овој модел како побрзо да се развие зоната, а тоа е преку јавно приватно партнерство што ќе донесеме странска фирма која има големи искуства во менаџирање во такви зони. Веќе е распишан тендерот од страна на агенцијата за странски инвестиции и врз основа на тој тендер, барем интересот што досега е да имаме барем 5-6 јаки компании кои во други познати земји во светот имаат искуство и направиле такви зони. Тоа е многу подобар и побрз начин да се развие една зона. Значи, во тендерот ние наведовме дека најмногу во рок од 2 години зоната треба да биде завршена. што подразбира целокупната инфраструктура и халите во зоната. Кога тоа така ќе биде направено, значи мора да се изгради целокупната инфраструктура за кога ќе дојде инвеститор само да му се даде клучот и да почне со работа. Тогаш инвеститорите многу брзо се решаваат да донесат одлука, отколку ако е зоната само една ледина што допрва ќе се гради. Значи, тоа е нашиот модел и веруваме дека во следната година тоа ќе придонесе за резултати на делот на полошкиот регион, но и кај другите зони што се објавени за тендер и очекуваме, господине Матоши, тој тендер да биде завршен некаде во текот на ноември оваа година. Значи многу брзо ќе се знае кој инвеститор од листата на познати кои се пријавиле за заинтересирани, ќе ја гради зоната во Тетово. Како што знаете ние во зоната даваме исклучително добри услови како што е двојно понизок персонален данок, само 5% и 10 годишно ослободување од плаќањето на данок на профит, како и целосна изградба на инфраструктурата во зоната односно пристап до гас, до електрична енергија, до вода и слично. Сето тоа создава услови многу брзо да се развијат зоните односно да бидеме поконкурентни отколку другите земји во регионот затоа што овде борбата навистина е остра и сите настојуваат да привлечат инвеститори. Се разбира дека функционирањето на зоната ќе момогне, меѓутоа нема да ги реши сите економски прашања на граѓаните од западниот дел на Македонија, за што вие поставивте прашање. Во тој дел ние практично работиме во две насоки. Прво, да ги оживееме тие капацитети кои постојат таму и јас, а и министерката за економија и останатите економски министри имавме посети во сите стопански објекти таму за да видиме што Владата може да направи за нив за да се зголеми производството и да се олезни извозот на нивните производи. Во таа насока е разговарано со Кнауф, разговарано е со останатите стопански субјекти. Значи со сите потенцијални и постоечки инвеститори разговараме што како Влада можеме да разговараме и да ги решаваме оние прашања што ги има од аспект на подобрување на инфраструктурата, имотно правни односи и слично. Меѓутоа, и овие капацитети нема да бидат доволни да ја апсорбираат работната сила што е таму на располагање, посебно младите луѓе. Во тој дел ние работиме и за подобрување на образованието на младите луѓе.

Како што знаете вие ние имаме проект кој ќе помогне младите луѓе да научат да работат на компјутери, преку обезбедување на компјутери за сите деца во училиштата, проект кој ќе овозможи децата да научат странски јазик, преку учење на странски јазик од прво оделение и втор странски јазик во петто одделение, проект кој ќе овозможи задолжително средно образование, што посебно е важно за регионот за кој вие поставивте прашање, со цел да се подигне општото ниво на образование што на тие млади луѓе ќе овозможи да станат поконкурентни на пазарот на работана сила. Од друга страна на целата територија на Република Македонија имаме доста атрактивни економски политики кои како што знаете се верифицирани од страна на сите релевантни финансиски меѓународни институции и во тие реформи сме оценети како четврта најдобра земја во светот. Тука пред се би ги набројал пакетот на даноци кој надвор од зоната е поголем и за кој веруваме дека е подобар и за домашните инвеститори и за странските. Јас имам чести средби со Комората од Северозападна Македонија и во тие средби и самите домашни бизнисмени, оние постојните веќе имаат најавено и дел од нив веќе реализираат експанзија на нивниот бизнис, заради можноста само 10% да платат данок на профит и персонален данок и заради можноста уште повеќе реинвестираната добивка да биде целосна ослободена. Тоа е исклучително значајна и добра мерка која домашните инвеститиори многу ја подржаа и која ќе помогне да не мораат да плаќаат високи камати кај банките, туку да можат со сопствени средства, со онаа добивка што ќе ја добијат, доколку ја вложат повторно во машини и опрема, да го рашират својот бизнис. Тоа ќе отвори нови работни места во регионот на Западна Македонија.

Истовремено со регурлаторната гилотина правиме напор да се намалат административните бариери за бизнисмените. Значи она што го поставија како прашање бизнисмените од Комората на Северозападна Македонија, беше конкретни предлози од нивна страна во кои делови да се поедностави регулативата. Ние тука

одтидовме со значително скратување на трошоците што се за бизнис, 50% намалување на цената на тарифниците на Катастерот, на Централниот регистар, на Бирото за метеорологија и други институции и отидовме кон намалување на бројот на процедури што се потребни за да може да се започне бизнис. Во тој дел сме оценети на 21 место во цел свет како најуспешна земја. Значи, она што им се дава на бизнисмените во тој дел од државата, а и секаде на целата територија на Република Македонија е исклучително позитивно и потребно.

Истовремено, како што знаете дел од прашањата што засега се наметнаа беа и оние од имотно правни односи. Тука за забрзуваме постапката во делот на Катастерот. Тоа е реформа која ќе се заврши во 2008 година и очекуваме таму многу побрзо да се добива имотен лист и инвеститорите тогаш кога ќе најдат локација да можат да добијат соодветни услови и веднаш да се реализира инвестиционата активност. Сето тоа ќе помогне, како пакет, како една реформа во целина да се создадат подобри услови за да се развие бизнисот.

Врз база на контактите што ги имавме во посета на тие села во Македонија и врз база на многубројната дијаспора што е низ цела Европа, голем дел од нив беа заинтересирани за отварање на сопствен бизнис во Македонија преку концесии на одредени наодо и слично, или пак преку формирање на мали бизнис-семејни фирми. Дел од тие прашања прашања и проблеми ги решивме и неколку од нив етаблираа свои бизниси но, ги охрабруваме и со ваша помош како коалиционене партнер и со сите други политички субјекти во Македонија да работат со нашата дијаспора со цел и дијаспората да допринесе за економскиот развој на Македонија. Очекуваме дека сите овие мерки и политики, нормално со одредена динамика ќе успејата да ја подобрат состојбата на граѓаните таму.

И уште една мерка која што сакам да ја истакнам се таканаречените условени кеш-трансфери кои ќе бидат насочени во голем дел кон граѓаните на ова подрачје за кое вие поставивте прашање, а тоа е граѓаните ќе добијат односно жените во семејствата, тоа е нов проект на Владата кој што ќе биде насочен кон давање на директна помош во кеш на жените во семејствата со услов децата редовно да посетуваат школо и да одат редовно на здравствен преглед. Тоа е една современа мерка што овозможува да се подобри здравјето на децата и да со подобри образованието на децата, а од друга страна се оценува, искуствата се такви во цел свет, дека жените подобро располагаат со средствата и дека подомаќински располагаат и затоа е насочен проектот кон мајките практично во семејството и ќе им на нив доделувани средствата, но има услов, како што реков, да се обезбеди потврда дека образованието и здравјето на децата е подобрено. Сето тоа како пакет верувам ви дава доволно информации за тоа што Владата прави за подобрување на економската состојба на граѓаните и во регионот на Западна Македонија и пошироко, се разбира затоа бенефитите треба да ги почуствуваат и другите граѓани, односно сите оние што живеат во помалку развиените подрачја, а верувам дека веќе во 2008 година ќе биде економски најуспешна за нашата држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен со дадениот одговор?

**Ружди Матоши:** Да господине претседателе,

Само уште еднаш да нагласам дека навистина граѓаните во оваа зона се заинтересирани да се установи оваа економска зона која што ќе биде потенцијал што ќе ги потенцира и другите економии или стопанства, значи другите економски иницијативи и ова е еден многу развиен агрокомплекс што сме го имале во тетовската зона, сега имаме инвидуално земјоделство, имаме инвидуално арго-земјоделство. Проблемот е што немаме други економски капацитети кои што се надоврзуваат со алката за издигнување на една друга економска дејност и за да создадеме синџир кој што ќе помогне на економските или стопанските субјекти. Уште еднаш значи, задоволен сум од одговорот и верувајте дека граѓаните многу веруваат во оваа зона која што ќе се направи во Полог. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Второто прашање беше од областа на здравството, во врска со Тетовската болница и средства за набавка на апаратури.

Ќе одговори господин Лазаревиќ, заменик министер за здраство.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе,

Му благодарам на пратеникот Матоши за прашањето. Прашањето беше во врска со набавката на меѓународниот тендер и организацијата на тендерот и како ќе се снабдат Тетовската болница меѓутоа и другите болници во Република Македонија со соодветна апаратура.

Она што би сакал да го кажам, за прв пат во поновата македонска инсторија се обезбедува ваква голема и современа набавка на суфицистирана медицинска опрема за потребите на јавните здравствени уставнови. Би сакал да напоменам во кој дел е таа апаратура, бидејќи често пати се поставува прашање каква е таа апаратура.

Апаратурата би можела да се подели во три дела, односно делови кои се однесуваат на подобрување на дијагностиката во цела Република Македонија и тука има радиолошка опрема, како што се скенери апарати, мамографи и останати познати и суфицирани технолошки средства, ултра звук во делот на дијагноситката, подобрување на анестеолошката опрема како што се апаратите за анестезија, мониторите,

коронарни единици, машини за дишење и инкубатори и останати современи инструменти кои ќе ја подобрат состојбата во сите операциони сали.

Она што е битно да се напомене е дека при распрделбата на оваа апаратура земени се неколку битни индикатори и усоглсени се со потребите на медицинската мапа. Што тоа значи? Тоа значи дека ние точно ги гледавме оние болници кои најмногу се оптоварени во Македонија по бројто на лекувани и стационарно лекувани пациенти и по потребите кои го подобриле квалитетот на лекувањето во самите установи. Конкретно, во тетовската болница годишно се лекуваат 17 илјади стационарно лекувани пациенти што претставува исклучително висока бројак. Понатаму, следува Битола каде се лекуваат 15 илјади стационарно лекувани пациенти, Прилеп 12 илајди, Струмица со 11 илјади и Штип со вкупно 14 илјади стационарно лекувани пациенти. Токму овие сентри што ги напомвав ќе бидат снабдени односно најголемот дел од апаратурата ќе биде фокусиран во овие центри со цел тие уште повеќе да зајакнат на некој начин да се оневозможи пренесување на пациентите од регионалните болници во Скопје, туку да се задржи интересот на болницата, прво да се зголеми можноста, болницата да понуди квалитетни здравствени услуги на своето локално население и на тој начин да може да се рефлектира и врз основа на финансирањето. Како што веќе знаете, ние најавивме и промена на начинот на финансирање на болниците што ќе се заснова врз дијагностичко сродни групи или популарно наречена ДРЏ методологија која ќе ги финансира здравствените услуги врз основа на тоа колку се понудени. Токму оваа апаратура која ќе биде обезбедена со меѓународниот тендер очекуваме да го подобри квалитетот на услугите на регионално ниво, се разбира и во Скопје, меѓутоа пред се да го намали оптоварување на клиничкиот центар во Македонија.

Она што исто така сакам да го напоменам е дека до сега имаме подигнато документација од 43 реномирани фирми, поголемиот дел се од странство, меѓутоа имаме и домашни заинтересирани фирми.

Првата фаза од тендерот ќе заврши на 5 ноември по што следува фтората фаза. Очеквуањата се, ако нема некои жалбени постапки, до крајот на годината ќе заврши меѓународниот тендер во двете фази, но дистрибуцијата на апаратурата ќе се случи во првите три месеци од наредната година, колку всушност е предвидено со договорот кој ќе го потпишат сите заинтересирани компании.

Начелно би можело да се каже дека комплицирањето на овој процес ќе заврши некаде до март 2008 година каде ќе се дистрибуира апаратурата и современа опрема во сите медицински центри и на тој начин да очекуваме дека дирекно ќе се влијае на подобрување на квалитетот а задравствените услуги. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од дадениот одговор?

**Ружди Матоши:** Добро господине претседател, има една вистина дека здравствената услуга во болниците во Република Македонија има исклучително позитивен развој, Меѓутоа, знаејќи дека Владата има доделено средства од плаќачите на данок во оваа држава, со цел зајакнување со техника и апаратура на болниците, тоа е прекрасна работа.

Во контактите што сум ги имал со лекарите, со управителите на болниците, тие очекуваат едно такво нешто од причина што услугите кон граѓаните ќе се подобрат 5 до 10 пати повеќе. Значи, разговарајќи со разни лекари, токму тие ме инспирирале да го поставам ова прашање и јас сум лично многу задоволен од заменик минситерот кој што детално го образложи ова прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Второто прашање беше во врска со Институтот за културно наследство на Албанците. Остана нејасно, барем за мене, дали во писмена форма. Добро, министерот за образование да ви одговори.

Следен за збор е господинот Јани Макрадули, повелете.

(Во 13,38 часот со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието).

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, да го искористам моето право за три прашања.

Би сакал да го повикате премиерот, бидејќи се за него прашањата.

**Иван Анастасовски:** Барате да го повикаме премиерот?

Ако е тука премиерот би замолил да влезе, еве влезе премиерот, можете да продолжите.

**Јани Макрадули:** Благодарам. Благодарам и за претседателот на Владата.

Првото прашање се однесува за продажабата на ТЕЦ - Неготино. Наместо денеска господинот Зоран Ставрески да си поднесе оставка после целата оваа рашомонијада, тука видовме уште еден трик на одолговлечување на пратеничките прашања со одговарање на прашања што немаат врска со она што е поставено само за да се изгуби времето што е право на опозицијата.

Сите три прашања се поврзани со онаа реченица што господинот Ставрески ја кажа како одговор на пратеничко прашање. “Морам да признам дека не очекувано што СДСМ го употребува зборот и буквата К, го употребува од зборот “корупција” во оваа рана фаза од постпериодот на вашето владеење”.

За жал, постпериодот на нашето владеење се одликува со масовна корупција, денеска ќе наведам три примери.

Имено, денешната одлука на Владата за поништување на приватизацијата на ТЕЦ - Неготино е доказ дека СДСМ имаше право за се она што го укажуваше, при што сакам да се заблагодарам на медиумите за поддршката што ја добивме во разоткривање на оваа рашомонијада.

За жал, пред три месеци, на секое укажување на СДСМ Владата на премиерот не убедуваше дека сакаме да ја измениме јавноста, сакаме да изманипулираме, сакаме да прикажеме нешто што не е точно, а Владата тоа го потврдува дека ќе опстои на одлуката со одговорот на господинот Ставрески дека можеме да констатираме дека одлуките на Владата се конечни и извршни.

После серијата укажувања во јавноста, премиерот на 12.10. се изјаснува во јавноста со реченицата дека, ако е се во ред, ќе си тече продажбата на ТЕЦ како што тргна, а ако има сериозни проблеми со Законот, косење со Законот, ние нема да дозволиме каква било неправилност да помине, а ние да ги затвориме очите.

Господине Груевски, во јуни 2007 година оваа инфорамција сте ја испратиле до Брисел. Информација за текот на процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија. Колегите од Европската унија Оли Рен, Солана, Баросо ги излажавте дека е финализирана приватизацијата на АД ТЕЦ - Неготино. Тие што треба да оценуваат колку сме напреднале во процесот на приближување до Европа, сме ги излажале. Сме мислеле дека така ќе помине работата. Ќе почнеме К од корупција или К од колачот да го делиме. Затоа моите прашања се следните:

Зошто ја излажавте Европската комисија дека е финализирана продажбата на ТЕЦ - Неготино.

Дали бевте на седницата на 31 јули на Влада каде Владата на својата седница одржана на 31 јули донесе Одлука за реализација на купопродажбата на акции во државна сопственост на ТЕЦ - Неготино и како гласавте вие и како гласаше министерката Рафајловска.

Конечно, дали после сето ова ќе побарате оставка од вашиот вице премиер одговорен за економски прашања господинот Зоран Ставрески?

Второто прашање е една популарна тема. Денеска пристигна една од многуте кривични пријави за клевета, само не знам од кого е, бидејќи не ја потпишале, се однесува на хотелската ОКТА.

Имено, организацијата Нулта корупција - транспарентност или Транспарентност - Нулта корупција во својот Извештај укажува дека заради неисполнување на ни еден од условите, има многу неисполнети услови, но оној што е најслесно читлив е тоа дека лицата кои нема да приложат доказ за поседување на ланецот на хотели односно доказ за сопственост на правниот субјект кој поседува ланец на хотели и доказ дека има изградено најмалку еден хотел, ќе бидат исклучени од јавното наддавање.

Во документацијата на понудувачот нема доказ дека врз основа на договорот за деловна соработка има изградено најмалку еден хотел и Друштвото за хотелиерство ХА-ЕЛ-ХА-МАК -ЛТ требало да биде исклучено од јавното наддавање.

Потоа, на вестите на Телевизија Сител тврдевте дека Компанијата ОРКА не е вмешана во овој скандал, а се покажа дека вработен ден после формирањето на фирмата од ОРКА преоѓа во ХА-ЕЛ-ХА-МАК -ЛТ и седиштето на фирмата се наоѓа на иста адреса каде се наоѓа Компанијата ОРКА.

Затоа господине Груевски дали уште тврдите дека Компанијата ОРКА Холдинг не е вмешана во целиот скандал, дали верувате на Транспарентност - Нулта корупција и кој хотел го има изградено фирмата победник?

Третото прашање се однесува исто на К од корупција, овој пат на план на општина Центар во која нормално повторно е вмешан Орце Камчев или плацот е вмешан со Орце Камчев.

Според Законот за просторно и урбанистичко планирање општината нарачува Нацрт план. Нацрт планот оди на мислење во Министерството за транспорт и врски.

Согласно членот 21 Стручната комисија дава одговор на Нацрт планот. Потоа забелешките мора, согласно Законот член 21 став 5, да се вградат во Деталниот урбанистички план, во Нацрт планот. Потоа се распишува Предлог план. Тука е веќе првата грешка на министерот.

Второ, по јавната расправа за Предлог планот се даваат забелешки во кои Министерството дава согласност. На денот на гласањето на Деталниот урбанистички план министерот дава согласност, но му подметнуваат, бидејќи потпишува согласност на план во кој не се вградени измените на кои Стручната комисија од Министерството ги дава. Тоа е втор пропуст или тоа е второ кривично дело за кое се лежи до три години.

Она што е најчудно, без никој да го побара како забелешка за време на јавната расправа на Нацрт планот, некој се решил плацот за кој падна еден министер господинот Буџаку да го зголеми, иако тоа не е законски, бидејќи не постои таква забелешка во јавната расправа, да го зголеми од 9.421 на 10.598 бруто површина или 1.177 м2 во Центарот на Плоштадот, што ќе се согласите дека е тоа околу 4 милиони евра.

Затоа господине премиер, освен што ќе му кажете веројатно на министерот Јанакиески дека направил три кривични дела за кои има казна до 3 години, дали знаете дека со овој потпис министерот Јанакиески надвор од Законот ќе му овозможи на сопственикот ќар од 4 милиони евра. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Бидејќи сите три прашања беа доставени до претседателот на Владата на Република Македонија, одиме право на одговор на првото поставено прашање за ТЕЦ - Неготино.

Има збор претседателот на Владата господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам за прашањето.

Во однос на првото прашање ќе одговорам дека Владата кон крајот на јуни донесе Одлука по однос на прашањето што беше во врска со продажбата на Компанијата ТЕЦ - Неготино која Одлука, согласно документацијата и понудите што беа доставени беше правилна и беше согласно сите тендерски правила.

Подоцна следуваше период во кој требаше да се достават останатите документи и преговарачката комисија од страна на Владата ги чекаше тие документи кои до ден денес дел од нив не ги добивме и заради тоа на седницата на Владата се утврди дека треба да се стопираат разговорите со прворангираната компанија и да се види понатаму како да се дејствува. Значи, тоа е се.

Во тој момент кога беше донесена таа Одлука, таа беше правилна затоа што се базираше на документацијата и понудите кои беа доставени. Никој во тој момент не можел да претпостави дали отпосле ќе се достават или нема да се достават документите кои се потребни за да дојде до потпишување на договорот.

Откако се увиде дека тие документи не се доставуваат, се избегнува и слично, тогаш Владата донесе нова Одлука да ги запре разговорите со прворангираниот, бидејќи не ги достави сите документи што се потребни во процедурата за потпишување на договорот и понатаму да разгледа како ќе бидат натамошните чекори.Тоа е се, а се друго е шпекулација, правење театар и нешто што е надвор од нормалните правни текови на работење кое Владата го почитува. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Дали пратеникот е задоволен или ќе постави дополнително прашање?

**Јани Макрадули:** Нормално како и секогаш се одбегнува одговорот.

Господине Груевски ова се условите во тендерот. Точка 12.1. од тендерските правила цитирам “краток опис на корпоративната структура на наддавачот и неговите бизнис активности. Во случај нadддавачот да е конзорциум треба да достави инфорамција за секој член на конзорциумот и да ја дефинира улогата на секој член на конзорциумот. Или во точка 14 од тендерските правила, договор на конзорциумот или друг конститутивен акт потпишан од авторизирани потпишувачи на сите членови , права, обврски и статутарен документ за секој член од конзорциумот”.

Овие документи тендерската комисија морала да ги има за да ја донесе одлуката. Затоа вас ве прашувам како вие гласавте, врз база на која одлука од Комисијата која не е почитувана дали ја разгледувавте, тоа е моето дополнително прашање, и да проверите дека не се исполнети точките 12.1 и точка 14 од тендерските правила.

Второто, она што не го одговоривте, зошто на господинот Баросо му испративте лажен извештај, а сакате да добиете позитивен извештај за Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дали некој ќе одговори на дополнителното поставено прашање?

Има збор претседателот на Владата господинот Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Според она што сум информиран од Тендерската комисија во тој момент кога беше отворен тендерот беа доставени сите инфорамции, а она што недостасуваше беа работите што подоцна беа побарани од прворангираниот да ги достави во процедура за склучување на договорот.

Според тоа, немало такви пропусти, како што беше кажано од господинот Макрадули.

Во однос на писмото до господинот Баросо ние сме опишале во моментот дека се финализира работата затоа што така сме верувале. Сме верувале дека се финализира и не сме очекувале дека подоцна прво рангираниот нема да ги достави документите, согласно процедурите за потпишување на договорот. Ние не сме можеле да предвидиме кој како ќе се однесува понатаму. Тоа е тоа. Благодарма.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Преминуваме на одговор на второто поставено прашање исто така до претседателот на Владата на Република Македонија околу земјиштето кај Рамстор.

Има збор претседателот на Владата господинот Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

За ова прашање доста се зборуваше и дискутираше, се отворија многу детали. Со оглед на тоа што навистина господинот Макрадули изнесува многу детали ние односно Владата ќе му одговори во писмена форма. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Колега, ќе добиете одговор во писмена форма.

Повелете три минути.

**Јани Макрадули:** Господине премиер, едно од прашањата беше дали верувате на организацијата Транспарентност Нулта корупција, веројатно за тоа не ви треба консултации во Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Преминуваме на одговор на третото поставено прашање, тоа беше околу општина Центар.

Има збор претседателот на Владата, повелете.

**Никола Груевски:** Колку што можев да разберам се работи во најголем дел за операции што си ги правела општината Центар во која ние немаме ингеренции.

Господинот Макрадули спомна дека се сомнева дека имало неколку пропусти на министерот за транспорт, па за таа работа министерот за транспорт писмено ќе му одговори. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ќе добиете одговор и во писмена форма.

Нареден за поставување прашања е господинот Оливер Спасовски, но времето не дозвболува, бидејќи имате 10 минути за поставување на вашите три прашања, ќе продолжиме после паузата за ручек.

Давам пауза од еден час, продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,54 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

За пратенички прашања на ред е господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Имам три прашања до Владата на Република Македонија. Едното е до Министерството за внатрешни работи, второто до Министерството за одбрана и третото до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, меѓутоа немаме претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Првото прашање кое што се однесува на Министерството за внатрешни работи е тесно поврзано со она што се случи вчера во Република Македонија, по втор пат, за жал, со иста последица како и првиот пат, кога еден од припадниците на безбедносните сили го загуби својот живот, а неколку се повредени.

Мислам дека ова за што Собранието расправаше на 11.09.2007 година на една собраниска седница кога не беа реално соопштени податоците од страна на Министерството, е исто така резултат на вкупната состојба во Република Македонија, посебно во овие подрачја за кои што ниту Собранието, ниту македонската јавност добија одговор до сега, или едноставно го исполнија она што е заложба на МВР да ги информира граѓаните на Република Македонија реално и доследно онака како што и се случува на територијата на Република Македонија во одредени делови, во смисла на нарушување на безбедносната состојба во државата. Имено, она што реков вчера дека се случуваше беше претходен настан на 18.09.2007 година кога имавме напад на полициска патрола токму на реонот на Танушевци, за што Министерството за внатрешни работи не информираше во јавноста, ниту тоа постои во некаков билтен во Министерството, според мои сознанија, освен потврда која што ја имам директно од некои луѓе кои што биле вклучени во таа патрола, за да веќе наредниот ден на 19-ти или 29-ти излезе во еден од дневените весници во Република Македонија Џезаир Шакири Хоџа со една изјава дека се лути на КФОР што помогнале да се спаси патролата на Министерството за внатрешни рботи токму во тој реон. И ни се случува вчера инцидент со исти такви последици кои што ги имавме скоро пред месец дена.

Моето прашање гласи: Дали Министерството за внатрешни работи има информација дека постојат вооружени групации во овој регион, поточно помеѓу селата Рнковце и Стрима и месноста Кодра Фура и Брест на територија на Република Македонија, заради што, патролата која што е во овие гранични полициски станици има одреден простор на патролирање според информациите, или според кажувањата на нивните претпоставени дека патролата би трабало да го заврши своето надгледување на границата до месноста наречена “Два гроба “.

Второто нешто дали единицата за специјални задачи Тигри која што беше во приправност вчера, исто така според мои сознанија, е симната приправноста. Дали тоа значи дека имате проценка, или знаете дека нема опасност и нема потреба од ваква единица, заради тоа што знаете дека активирањето на овие единици се кога има непосредна опасност. Тоа е првото прашање до министерот за внатрешни работи.

Второто прашање е до министерот за одбрана, кое што морам да кажам е тесно поврзано со заложбите на Република Македонија со НАТО интеграциите и она што треба да ни се случи идната година, што мислам дека одредени состојби кои што во моментот се случуваат во Министерството, не одат во прилог на подобрување на положбата на Република Македонија генерално на тоа поле. Знаете впрочем со одлука на министерот за одбрана во Република Македонија се разрешени околу 32 раководители во Министерството за одбрана, дали се тоа на подрачни единици на Министерството, или овде во Скопје, за кои што е покрената постапка пред Агенцијата за државни службеници и притоа се уважени жалби на шест раководители, од кои што четири се надвор од Скопје, тоа се Куманово, Берово, Делчево, Демир Хисар и на двајца во Скопје во Министерството за одбрана.

Со одлука на Комисијата на Агенцијата за државни службеници донесените решенија за разрешување на првостепениот орган му се укинуваат, односно поништуваат и се укажува да ги очитува законските одредби според Законот за државни службеници и да ги распореди државните службеници на работно место со звање што го имале пред донесување на оспорените решенија, бидејќи целата постапка е оценета противзаконито. Одлуката на Комисијата во Агенцијата за државни службеници, зависно од одредени случаи се случува некаде на 15.08.2007 година. Ги имаат добиено одлуките, за што, токму денеска добиваат уште една пратка во која што им се доставува ваква одлука без притоа да се испочитува одлуката на Комисијата во Агенцијата за државни службеници. До сега не им се даваат никакви решенија на овие луѓе и

имаат заведено спорови пред надлежниот суд во Република Македонија.

Прашањето е дали министерот има намера да ги почитува законските прописи во смисла на почитување на Законот за државни службеници и одлуките кои што ги донела Агенцијата за државни службеници и второ, до колку не ги почитува овие одлуки, а по водењето на судските спорови се донесе решение кое што би било идентично на ова што го донела Комисијата, кој ќе сноси одговорност, за воопшто нарушувањето на кредибилитетот и персоналниот капацитет на Министерството за одбрана на Република Македонија.

Третото прашање ми е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, меѓутоа не е тука, веројатно некој од претставниците на Владата ќе одговори.

Имено, во Република Македонија оваа година за прв пат голем број на сопственици на приватни шуми, по поднесено барање на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија до подрачните единици, за да им се одобри сечење во сопствена приватна шума, не им се издаваат решенија и дозволи со кои што ниту се уважува нивното барање ниту се оспорува. Притоа имаат усно објаснување дека тоа не се прави заради тоа што државата нема направено скица, врз основа на авионското снимање кое е извршено 2002 година и со тоа за прв пат им се узурпира правото на приватна сопственост загарантирано со Уставот на Република Македонија и за прв пат не можат да плодоуживаат во нивниот имот.

Па би прашал некој од потпретседтелите на Владата дали во оваа смисла важи вашата определба и одлука дека за секое неодговорено барање кое што го има поставено било кој граѓанин на Република Македонија за државните органи, значи дека одговорот е позитивен и дека овие граѓани е можат да отидат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или до Јавното претпријатие Македонски шуми да добијат дозвола за користење на овој имот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Првото прашање на господинот Спасовски беше упатено кон министерката за внатрешни работи.

Има збор министерката за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Мојот одговор на прашањето ќе го започнам со јавно изразување на сочуство на семејството на починатиот припадник на МВР.

Воедно, на самиот почеток ќе кажам дека овие немили настани не смејат да бидат основа за политичко профитерство на ниту една партија и во интерес на презентирање на фактите, што најверојатно ќе се случи на дополнителна седница за која непосредно пред завршувањето на паузата, Владата беше известена. Ќе презентирам информации кои се официјален став на Министерството за внатрешни работи. Значи Министерството за внатрешни работи како еден од безбедносните органи на Република Македонија, сите официјални ставови и официјални ставови ги доставува до релевантните институции и врз основа на тоа презентирана е оценка на безбедносната состојба, која останува непроменета се додека не се донесат поинакви заклучоци врз основа на презентирани, релевантни информации кои доаѓаат од структурите на безбедносниот сектор. МВР е една од тие структури на безбедносниот сектор. Се разбира дека проценката се формира врз основа и на информации кои доаѓаат од други структури на безбедносниот сектор.

Пратеникот Спасовски зборуваше за одредени информации, кои ги добил непосредно од теренот. Се разбра, господине Спасовски сите информации кои јавно или било во која форма ги доставувате до МВР се релевантно и на соодветен начин проверени, меѓутоа, ние како институција стоиме зад официјално презентирани ставови и заклучоци кои доаѓаат од безбедносните служби.

Во таа насока, сето она што се случува на планот на безбедноста е евидентирано во дневната книга на настани и во билтените на МВР. Не е исклучена можноста дека одредени структури кои посакуваат поинаква состојба, презентираат шпекулации, но исто така верувам сме свесни дека шпекулациите најчесто се неточни.

Понатаму спомнавте ангажирање на посебните единици на МВР. Ќе ви дадам многу прецизна информација за ова, за да не ја доведуваме јавноста во заблуда.

Имено, вчера околу 13,00 часот на местото на настанот упатен е еден вод на припадници на единицата за брзо распоредување од Одделот за посебни единици при централните полициски служби, заради обезбедување на местото на настанот и обезбедување на полициската станица, за обезбедување на државната граница Танушевци, како и укажување на помош на одредените овластени службени лица. Притоа, за транспорт на повредените, ангажиран е хеликоптер со осум припадници на единицата за специјални задачи, кои од местото на настанот ги транспортирале повредените припадници на граничната полиција во Скопје, заради укажување на медицинска помош. Понатаму, исходот од оваа активност е веќе презентиран во јавноста. За жал, за еден од нив настанот имаше трагични последици, така што ова би биле официјалните информации, секако врз основа на направена обдукција, надлежната институција односно Институтот за судска медицина, најверојатно ќе излезе со официјални податоци за причината на смртта, а овде во Собранието врз основа на барањето на пратениците ќе расправаме и за дите други прашања кои

сметате дека се важни и релевантни во овој момент. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Дали пратеникот Спасовски е задоволен од добиениот одговор и дали има дополнително прашање? Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Не можам да бидам задоволен затоа што немаше одговор за она што беше поставено од мене. Во секој одговор на министерот за внатрешни работи има една доза на политиканство, која што ја пренесува во Парламентот, без да даде конкретни одговори за она што е заинтересиран и Парламентот, меѓутоа, и македонската јавност. Заради тоа ги поставив овие прашања, кои што се во функција на превенција на состојбите на безбедносен план во Република Македонија, за што се покажа дека министерката или МВР бегло поминува преку една ваква ситуација, што се покажа и на претходната дебата, кога ги криеше на почетокот на седницата одредени аргументи, а потоа кога беа посочени оригиналните факти, призна на крајот од седницата дека нешто од ова е точно.

Заради тоа што не ми беше одговорено на прашањето што го поставив, дали МВР има сознанија дека на територијата помеѓу местата Рнковце, Стрима и Брест, Кодра Фура има вооружени сили кои што дејствуваат на територијата на Република Македонија. Тоа е прашањето кое што барам од министерот писмено да ми го достави одговорот, заради тоа што е премногу значајно за натамошната безбедносна состојба на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Најверојатно, министерката ќе ви одговори писмено.

Вашето второ прашање беше упатено кон Министерството за одбрана. Ќе одговори заменик министерот за одбрана, повелете.

**Илјаз Халими:** Благодарам потпретседателе.

Прашањето што беше поставено од пратеникот, сметам дека бара попрецизно да одговориме. Така што, откога ќе ги провериме овие податоци кои беа изнесени тука, ќе бидеме во можност навреме писмено да го информираме пратеникот. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Халими.

На вашето прашање ќе биде писмено одговорено.

На вашето трето прашање кое беше упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одговори господинот Зоран Ставрески. Повелете.

**Зоран Ставрески:** За прашањето, Министерството за земјоделство во име на Владата ќе подготви писмен одговор за ова прашање и благодарам за разбирањето на предностите на мерката “молчењето е одобрување” уште во оваа рана фаза, но за да заживее ќе биде потребно законите да бидат донесени од страна на Собранието, а во однос на конкретното прашање ќе ви доставиме писмен одговор.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ставрески.

На вашето трето прашање ќе биде писмено одговорено.

Затоа, продолжуваме со следниот пратеник за поставување пратенички прашања. 10 минути има за поставување пратеничко прашање господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

По барање на одредена група граѓани би сакал да поставам пратеничко прашање и првото мое пратеничко прашање ќе се однесува, поточно ќе биде упатено до Министерството зза финансии и министерот за финансии, но министерот не го гледам тука.

**Бесим Догани:** Како и да е, вие имате право да го поставите прашањето.

**Цветко Грозданов:** Во ред, благодарам.

Значи доаѓам од Охрид, градот на културата, центарот на туризмот во Република Македонија и градот на она што се нарекува хаос во градбата и хаос во владеењето на локалната самоуправа, поточно градоначалникот.

Почитуван потпретседателе, бидејќи министерот не е тука јас ќе отпочнам со она што законот за финансирање на локална самоуправа го предвидува со член 39 и член 40 и ќе напомнам дека сепак и после извршената ревизија од Државниот завод за ревизија во Охрид сеуште нема никакви позитивни промени или трендот на она што е диво владеење на СДСМ и понатаму продолжува.

Ќе напомнам дека можеби за вас - и ќе се извинам до министрите, затоа што овие членови од Законот веројатно се познати, но во интерес на граѓаните би сакал да ги запознам и самите граѓани кои ќе ја следат седницата.

Член 39: финансиска нестабилност на општината настанува доколку една од основните точки главниот државен ревизор констатира, значителна неправилност во финансиското работење на општината. Јас ќе напомнам дека во извршената ревизија од Државниот завод за ревизија во точка 7 се вели: “Цели на ревизијата на финансискиот извештај се: дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатите на финансиските активности во согласност со примената на законската регулатива” и ќе се задржам тука. Ќе отпочнам со она што во самиот извештај го има.

На страница 12 од финансискиот извештај на Државната ревизија стои, “точка 13: финансиските извештаи не ја претставуваат

вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на органот на општина Охрид" - тоа е еден од фактите што се поклопува и со она што законот го предвидува. Потоа, на страница 11 вели: "Не применување на постапките од Закконот за јавни набавки". Ќе извлечам само дел од оние негативности кои се јавуваат. Еден од нив вика вака: "Не ги содржи критериумите и вредностите и вреднувањата на критериумите за утврдувањето на најповолна понуда", а тоа е дирктно кршење на Закнот за јавни набавки. Подолу вели: "документацијата од текот на постапката за јавни набавки е нецелосна и не е архивски заведена и не дава слика за континуитет и роковите на спроведувањето на постапката", што значи дека имаме еден хаос во извршувањето на одредени програми кои локална самоуправа или градоначалникот сам ги спроведува. Но, јас ќе напомнам дека на страница 7 исто така Државниот ревизор вика: "На ревизијата не и беа доставени на увид склучените договори поради кои има неможност да се најде во архивската документација, преземени од укинатиот фонд за комунален развој, улици и патишта", значи, исчезнале сите оние документи со кои треба да се покрие работењето на инфраструктурата во локалната самоуправа.

Она што исто така на страница 4 го има дадено државниот ревизор во точка 11 е:"Спротивно на член 18 од Законот за сметководство на Буџетот и буџетските корисници, обврските кон голем број добавувачи се затвораат со цесии и асигнации, без прилив и одлив на парични средства итн", но подолу стои: "Блокираната сметка на општината не овозможува следење на наменското користење на средствата и реализација на усвоените програми", што дава можност да се увиди она што се нарекуваат малверзации во финансиското работење во локалната самоуправа во Охрид од страна на градоначалникот.

Од тука, реков дека овој државен ревизор дал одредено видување, поточно мислење кои се негативностите кои градоначалникот треба да ги отстрани во даден временски период. Ова до ден денес не е направено. Затоа, од членот 40 сега ќе го прочитам ставот 1 и ставот 2. Ќе напомнам дека во членот 39 точка 1, ја прочитав, а точка 2 вели: "Општината не го плати утврдениот долг во рок од 90 дена на пристигнувањето, сметката на општината е континуирано блокирана во период од 30 календарски дена или 45 дена од прекинот на рамките на 60 календарски дена". Во Охрид оваа жиро сметка во континуитет е блокирана. Немаме точен увид на прилив и одлив на средствата, немаме точен увид на трошењето на средствата, така што ова дава за право да се запрашаме дали во охридската локална самоуправа нема двојно книговодство, што е тешко кривично дело, или не се врши злоупотреба на службената должност, мислам дека беше во Казнениот законик член 353, поради тоа што нема конкретни документи од она што се нарекува тендерска документација затоа што исчезнале. Да не ни се случи во периодот кој што доаѓа, наместо Охрид кој што е туристички центар, наместо Охрид кој што е најатрактивен по местоположбата да стигнуваат и во наредните 10 години фактури од одредени изведувачи кои во дадениот момент ги нема.

Ова е првото прашање кое што сакам да го поставам до Министерот за финансии и доколку имате потреба од дополнителни аргументи, ќе ви бидат доставени.

Моето второ прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски. Охрид во изминатиот период организираше одредени јавни трибини, за кои пред се би сакал да се заблагодарам на Граѓанската асоцијација МОСТ, граѓаните го имаа на увид деталниот урбанистички план на потегот Билјанини извори. Јас би сакал да запрашам што Министерството за транспорт и врски ќе преземе во однос на идејното решение.

Господине заменик министер, на самиот центар Билјанини извори имате 5 згради кои се зацртани на растојание од само 25 метри. Ако кинескиот зид во Скопје на фудбалскиот стадион е голем, можете да сметете дека овој е помножено со 2, што значи двојно поголем. На центар каде што по статутот на користењето на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти, можат само да бидат зацртани објекти кои се со намена за спорт, никако и одредени згради или како што нашиот градоначалник милува да каже тоа ќе бидат сместувачки капацитети со времен карактер. Ве молам, тоа значи само летно време ќе се сместуваат луѓето тука или ќе бидат апартмани, а знаеме дека многу лесно може да се измени и да се пренамени сето тоа, како што се пренамени и Студентскиот дом, кој што се даде како зграда и како апартмани.

Кога Владата на ВМРО ДПМНЕ и господинот Груевски форсира и треба јавно да се заблагодарам затоа што доаѓам и од таа бранша, градба на спортски објекти, поточно на фудбалски игрлишта, на самото фудбалско игралиште кое што е веќе постоечко се зацртуваат објекти. На трибината која што се одржа во Охрид во саботата под покровителство на Граѓанската асоцијација МОСТ 99% од граѓаните го изразија својот револт дека е недопуштено само на ова парче земја кое што ни преостана за развојот на спортот и рекреацијата во Охрид да го уништиме и да го дадеме за изградба на вакви објекти.

Моето прашање до вас е: што ќе преземете за да го спречите овој хаос кој што локалната самоуправа на чело со градоначалникот од Охрид го направија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Грозданов.

Вашето прво прашање беше упатено до министерот за финансии, а министерот за финансии е тука и ќе одговори на вашето прашање, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Благодарам за прашањето на пратеникот Грозданов. Уште веднаш по објавувањето на извештајот на Државниот завод за ревизија бев запознат затоа што Државниот завод за ревизија ги доставува извештаите на неколку адреси. Но тие извештаи одат и на адреса на Јавното обвинителство, значи Јавното обвинителство е најнадлежно да ги испита работите и да преземе соодветни мерки. Тоа не може да го направи министерот за финансии.

Познато е дека во изминатиот период имавме пичина за незадоволство, тоа е практика која се провлекува во изминативе неколку години, да не им се обрнува внимание дури ни на сериозни наоди и извештаи на Државниот завод за ревизија. Заради таа причина неодамна Владата на Република Македонија формира ревизорски комитет, на чие чело е министерот за финансии. Само да ве известам дека ревизорскиот комитет е формиран пред 10-тина дена и доекипиран. Задачата на овој ревизорски комитет - имаше извесни коментари соодветни или несоодветни во медиумите заради некои недоразбирања, значи задача на овој ревизорски комитет е да ги следи, проучува и презема соодветни мерки за наоди во ревизорски извештаи за органи што се предмет на надзор односно опсервација на Државниот завод за ревизија. Еве, овде можам да спомнам дека овој ревизорски извештај кој што го коментираше или некои делови комениraше тој ревизорски извештај пратеникот Грозданов, ќе биде еден од првите кој што ќе биде ставен на разгледување пред овој ревизорски комитет на Владата на Република Македонија и ќе бидат до соодветните институици, затоа што тоа не е некое тело што има ингеренции да презема соодветни мерки, значи до соодветните институции, оние кои што имаат ингеренции, ќе бидат упатени препораки за постапување по наводите доколку станува збор за некои неправилности. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине минситер.

Господине Грозданов, дали сте задоволен од добиениот одговор или ќе поставите дополнително прашање?

**Цветко Грозданов:** Јас сум делумно задоволен од одговорот, но би сакал да поставам дополнително прашање и во однос на тоа ќе кажам дека во членот 40 на истиот тој закон се вели: “Комисијата за надминување на финансиската нестабилност на општината:

1. Министерот за финансии во рок од 15 дена по добивањето на известувањето од став 2 на член 39 на овој закон или од датумот на кој и да било начин дознал за постоењето на еден од случаите од членот 39 став 1 на овој закон, ќе донесе решение за започнување на посебна постапка за надминување на финансиската нестабилност во општината” и да не читам понатаму, се вели дека ќе формира комисија за надминување на финансиската нестабилност на општината.

Јас би апелирал во име на граѓаните од Охрид, да не кажам за спас на Охрид, затоа што во изминатите десетина години во континуитет имаме блокираност на жиро сметката. Но, во извештајот на претходниот градоначалник Наумов на страница 23 болдирано и потенцирано стои дека е горд што не направил зголемување на долгот, туку долгот постепено го враќал, значи не го зголемил долгот како што стои на страница 23 од неговиот извештај, кој е исто така за примопредавање. Овој градоначалник, кога се нафатил за градоначалник знаел дека во извесен временски период ќе мора да ја одблокира жиросметката за да не ни се случуват цесии, за да не ни се случува еден помножено со 5, како би дошло на крајот фактурата да се наплати помножено со 5.

Јас би апелирал до Министерството за финансии - Управата за јавни приходи оние 220, сметката што сстои во локална самоуправа, да се провери со кого се работи, со кого се соработува и да се види на кого се плаќа. Да се видат градежните книги и да видиме извршената работа дали соодветствува со фактурираниот долг. Тука се крие и затајувањето на данокот, тука имаме и затајување на данок од страна на изведувачите, а подоцна врз основа на одредени фактури ќе се зголеми долгот со тоа што ќе се пресметаат и камати.

Затоа, би замолил под итно да се изврши уште еднаш контрола во локална самоуправа во Охрид и да се одземат финансиските ингеренции на градоначалникот, да се воспостави тој тим кој што во Законот децидно е прецизиран како ќе се формира, со кој колективно на некој начин ќе се раководи со локалната самоуправа. Реков и уште еднаш ќе кажам, сметам дека на овој начин ќе му помогнеме на сегашниот градоначалник да излезе, за да му помогнеме и на народот или даночните обврзници кои што својот данок го плаќаат, да знаат каде завршува секој денар. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Грозданов.

На вашето дополнително прашање ќе одговори министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Само една дополнителна усна информација, а секако и писмено ќе доставиме до господинот Грозданов. Минисерството за финансии веќе има побарано од градоначалникот на општина Охрид информација за структурата на влогот според извори и според време на настанување. Таквата информација ја очекуваме, но како што беше спомнато и од господинот Грозданов постојат други аспекти кои треба да бидат ставени под лупа за финансиското работење на општината Охрид, што ќе биде направено, а пратеникот Грозданов ќе добие писмена информација.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Славески.

На второто прашање на господинот Грозданов ќе одговори заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам потпретседателе.

Станувашe зобр за Деталниот урбанистички план на локалитетот Билјанини извори. Точно е дека Министерството за транспорт и врски има сознанија околу изработката на овој детален урбанистички план, а во меѓувреме се пристигнати голем број на укажувања и забелешки од страна на разни невлдини организации и граѓани од самата општина Охрид.

Меѓутоа тука треба да се потенцира дека донесувањето на урбанистичките планови целосно е во надлежност на локална самоуправа, односно на Советот на општината. Во постапката за донесување на деталните урбанистички планови е вклучено и Министерството за трнспорт и врски во делот на давање на стручно мислење и на согланост на изработената планска документација. За сега во Министерството за транспорт и врски се уште не е пристигнат деталниот урбнистички план за локалитетот Билјанини извори во Охрид. Нормално, по добивањето на планскаста документација целосно ќе ја провериме, значи што се однесува на сручното мислење, што се однесува на ревизорскиот извештај околу планот, што се однесува до стандардите и нормативите на планирање на просторот за параметрите и доколку се забележи дека тоа не е во согласност со законот, ние благовремено ќе интервенираме, односно во натамошната постапка ќе ги дадеме сите свои забелешки и мислења околу овој план. Меѓутоа, сепак треба да се каже дека одговорноста за менаџирањето и носењето планови е во локалната самоуправа, односно во Советот на општина Охрид. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Палоши.

Господине Грозданов, дали сте задоволен од одговорот или ќе псотавите дополнително прашање.

**Цветко Грозданов:** Не сум задоволен од одговорот и ќе псотавам дополнително прашање и може и писмено да ни се одговори.

Господине заменик министер, станува збор за државно земјиште кое припаѓа на Спортскиот центар Билјанини извори. Тука стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти. Тие имаат свој статут. Во статутот на Јавното претпријатие децидно е кажано за што може да биде извршена намена - за користење на земјиштето. Не може градоначалникот без согласност на Министерството за транспорт и врски во Генералниот уранистички план да зацрта нешто ново, а веќе тука има постоење на Спортски центар Билјани ни извори и тој да го пренамени тој простор иако не е сопственик.

Значи без ваша дозвола да влезе во Генералниот урбанистички план за развој на туризмот и сместување. Кога сме веќе за развојот на туризмот би напомнал едно. Охриѓани не се против подобрувањето на туризмот во Охрид, или подобрувањето на сместувачкиот капацитет во Охрид како што е хотелиерството. Ја поздравуваат идејата на Министерството за транспорт и врски за она што се двете локации за изградба на елитни хотели кои што ќе донесат странски инвестиции и странски туристи кои што ќе го наполнат Охрид. Но, покрај овие два хотели никаде во светот не можете да најдете бренд хотел кој што ќе дозволи да го заградите со еден огромен кинески ѕид кои што ќе бидат згради за домување или згради кои што ќе бидат наменети за апартманско сместување. На почетокот реков, тоа е спортски центар Билјанини извори, тоа е единственото катче на охриѓани кое што остана да се рекреираат и да спортуваат. Не можеме и нема да дозволиме без разлика на се овој простор да се узурпира и да се намени точно за изградба на згради. Ние ја подржуваме идејата, реков на почетокот, таму каде што се зацртани маркиците за изградба на елитни хотели и сме за тоа. Но, за згради, не. Јас би апелирал до вас, значи во она што вие заедно со Министерството за екологија треба и да го потпишете. Тука може да дојде и до нарушување на животната средина, тука е каналот Билјанини извори. Значи, тука е трската. Ова добро да го обмислите, затоа што ова е земјиште на Република Македонија, не на локалната самоуправа. И кога локалната самоуправа би имала слух дека тука ќе изгради тениски игралишта, дека тука ќе изградат други помошни фудбалски игралишта, јас ќе бидам првиот кој што ќе ви сугерирам, да, треба да го развиваме овој начин, значи на давање на концесија, или давање под закуп на ова земјиште, но не и за згради за живеење, затоа што во Охрид има доволно простор да се изградат вакви згради на други места.

**Бесим Догани:** Господине заменик министер, дали ќе одговорите усмено или писмено?

**Скендер Палоши:** Само кратко објаснување.

Секако дека се согласувам со пратеникот во целост со заложбата на граѓаните на Охрид за подобра животна средина и поефикасно урбанистичко планирање. Меѓутоа, сето ова што денеска го разговараме околу оваа точка. Ние се уште не сме го добиле планот. Значи, зборуваме за нешто што го слушаме не службено. По добивањето на планот од страна на општина Охрид, ние соодветно ќе постапиме. Нормално има законски решенија кон кои секое урбанистичко планирање треба да се подржи, има стандарди, има правилници, која намена е компатибилна. Значи, не може да се изврши некомпатибилно планирање, некаде каде што имаме спортски рекреативни центри да се планира нешто што не е компатибилно со тоа. Значи, постојат тие правилници. Меѓутоа подетална информација ќе добиете по добивање на планот од страна на Министерството за транспорт и врски по писмен пат, бидејќи за сега зборуваме само врз основа на тоа што сме го

слушнале до денеска, а практично немаме ниеден план уште доставен од локалната самоуправа околу таа локација. Затоа ви велам дека детална информација ќе имате веднаш штом пристигне урбанистичкиот план од страна на општина Охрид.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Бидејќи господинот Андреј Жерновски не е присутен, десет минути за пратенички прашања има господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Првото прашање кое што сакам да го поставам е до премиерот Груевски, за жал, не е тука. Значи, ја користам својата деловничка прилика тоа да го поставам. Инаку, прашањето е од 50 граѓани на град Прилеп кои што му упатиле отворено писмо во ноември 2006 година. За жал, не е одговорено на тоа писмо. Мислам дека најдобро е да се постави прашањето и мислам дека најсериозно и Владата ќе го земе во разгледување доколку го прочита накратко она кое што тие го напишале до премиерот и до јавноста. Значи: веќе со месеци слушаме дека прва и основна задача на новата Влада ќе биде борба против корупцијата и криминалот. “Ние сме група од 50 поранешни вработени во “Пролукс” - Прилеп кои сме изиграни од Трајче Леов. Имено, договорот беше ние вработените да му ја отстапиме фабриката, а тој да ни ги исплати заостанатите плати и хранарина. Леов си ја присвои фабриката, а за исплата на неговите обврски не стана ниту збор. Не помогнаа ни многубројните судски парници што ги поведовме во Основниот суд во Прилеп и извршните судски решенија со кои Трајче Леов треба да ни ги исплати наведените суми. Значи, добиени се судските спорови и потврдени на Апелациониот суд. Имено, за да ги одбегне овие давачки Леов на незаконски, криминален начин ја празни жиро-сметката на “Пролукс” од Прилеп и фирмата ја префрла во Велес, а “Леов Компани” во Прилеп. На оние вработени кои имаат извршни и судски решенија за наплата на финансиските средства со оглед на тоа дека жиро-сметката намерно е испразнета, им се нудат лустери чии модели се стари 30 години и тоа по цени три пати поголеми од вистинските вредности. Уште поголем криминал е направен кога Трајче Леов на незаконски и криминален начин го префрла недвижниот имот на “Пролукс” на фирмите “Леов Компани” и “Аргус”. За овој криминал против Трајче Леов се поднесени кривични пријави од нашите адвокати. Со овие незаконски дејства од страна на Леов се изиграни не само вработените во “Пролукс”, туку и голем број адвокати, судии, судски извршители и судови, со еден збор, господине премиер, изигран е целиот правен систем на Република Македонија и тоа е чист пример на криминал и корупција. Се надеваме дека од овие причини ќе се заземете за овој случај и конечно ќе преминете од зборови на дела во борбата против корупцијата и криминалот за што добивте забелешки и од евродипломатите. Ние сме подготвени во овој случај да ги запознаеме сите релевантни фактори во државата, медиумите, Републичкиот судски совет, па дури и странски фактори. Но, се надеваме дека до ова нема да дојде. Го бараме само она што ни припаѓа, ништо повеќе. Се надевам дека вицепремиерот Ставрески ќе му го пренесе ова на премиерот Груевски. Јас сум подготвен да ви ги дадам доказните материјали кои што ги доставија луѓето. Значи, имате пример, три имотни листа издадени од Катастерот  во Прилеп. Во 2005 година во декември имотот се води на “Пролукс” - Прилеп. Во декември 2006 година имотот се води на Република Македонија. Како се случило тоа? Се извршило национализирање на имотот? За во март 2007 година, третиот имотен лист имотот да се води на Трајче Леов. Ќе ви го доставам ова, погледнете го. Луѓето се очајни, веќе не знаат на кого да му се обратат, а вие водите борба против корупција и криминал. Еве ви еден случај за да постапите.

Второто прашање би го поставил до министерот за образование и наука. Нема претставник, но може да одговори еден од вицепремиерите, дали господинот Ставрески, или господинот Јанкуловски. Значи, станува збор за работата на Славјанскиот универзитет кој што работи во Свети Николе, има испостава и во Битола. Тој нема акредитација и тоа јасно се гледа од сите информации транспарентни. Значи, тие кажуваат дека не им е потребна акредитација, бидејќи станува збор за странски универзитет кој што работи на овие простори, што не е точно, бидејќи Законот за високо образование е прецизен и јасен: само Владата на Република Македонија може да даде дозвола за работа на странски универзитет. Значи, прашањето е до Владата, до премиерот или вицепремиерите: дали сте дале согласност за работа на Московскиот универзитет, односно Славјанскиот универзитет кој што работел под нивна закрила. Доколку сте дале согласност, врз база на кој акт, бидејќи ние немаме сеуште потпишано таков акт на билатерална спогодба со Руската федерација. Мислам дека прашањето е јасно и очекувам одговор од еден од вас двајцата, или од име на Владата.

Третото прашње е до Министерството за образование и наука. Сега нема претставник, се надевам дека или вицепремиерот Јанкуловски, но мислам дека нема да може да одговори, бидејќи тоа е навистина под ингеренции на Министерството за образование и наука. Значи, моето прашање е, дали Министерството за образование и наука по однос на претставките кои што ги испратиле кандидатите за помлади асистенти, или соработнички кадар во новиот Факултет за јавна администрација и информатичка технологија испрати просветен инспекторат на Универзитетот да изврши увид. И доколку испратил, барам да ми се достави извештајот на просветниот инспекторат, бидејќи наведени се низа на претставки кои што и во јавноста беа дефинрани. Прашање е на избор на

помлади асистенти од страна на матичната комисија и покрај тоа што критериумите за повисоки оценки за помлад асистент, тоа е еден од најрелевантните параметри ги исполнувале други личности. Прашање на избор во звања на професори кои што преминале од една институција во друга институција и добиле звање во редовен професор иако не поминале ниту 9 месеци откако добил звање во вонреден професор. Значи, има низа неправилности. И прашањето пак го повторувам, до министерот за образование и наука, да ми се достави писмениот извештај од просветниот инспекторат и што просветниот инспекторат му советувал, или му наложил, му советувал согласно со законските ингеренции на министерот да постапи во однос на поништување на одредени постапки на матичната Комисија. Ако просветниот инспекторат не извршил увид, тогаш моето прашање го поставувам на поинаков начин. Зошто просветниот инспекторат и покрај јавните претставки кои што поединци ги испратиле до министерот, односно до просветниот инспекторат не постапил по законските ингеренции и не извршил увид во работењето на Универзитетот, односно матичната Комисија. Бидејќи и Универзитетот, поранешната ректорска постава беа замешани во овие постапки на кои што всушност и преставките се однесуваат. Прашањето треба да се одговори, во интерес е и на вицепремиерот и на сите други, бидејќи беа блатени во јавноста, нека си добие транспарентност, нека се каже каква е вистината. Јас ќе се потрудам вистината да ја дознае јавноста. Очекувам одговор, да не биде како изминатите 4, 5 прашања кои што ги имам во изминатата година дена поставено пред министерот за образование и наука и не сум бил удостоен со одговор за што сведочи всушост и веб-сајтот на Собранието во кој што имате непоставени пратенички прашања од тој сегмент од таа сфера. Значи, во интерес на јавноста, во интерес на вистината очекувам одговор на овие прашања.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски. Бидејќи вашето прво прашање беше упатено кон Владата, на вашето прашање ќе одговори вицепремиерот Зоран Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Му благодарам на почитуваниот пратеник за доставената информација и прашањето поставено. Владата внимателно ќе го разгледа материјалот што е доставен. Со оглед дека беше спомнато дека ова што се случувало според наодите е некаде меѓу декември 2005 и ноември 2006, секако надлежните институции ќе проверат дали имало криминал, корупција во тој период и кога се случила. Така што ќе постапиме согласно тоа што е во информацијата нормално со соодветни проверки и ќе доставиме писмена информација до пратеникот за ова што праша.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ставрески.

На вашето прашање ќе биде дополнително одговорено по писмен пат.

Вашето второ прашање беше упатено кон Министерството за образование и наука, но и кон Владата на некој начин. затоа ќе одговори господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер.

**Живко Јанкуловски:** Благодарам потпретседателе,

Му благодарам на пратеникот за поставеното прашање. Се однесуваше на Славјанскиот универзитет, дали истиот има добиено согласност за работа, односно дали истиот има согласност за верифицирана работа од страна на Министерството за образование и наука. Како што им е познато на граѓаните на Република Македонија, повеќе години славјанскиот Универзитет побаруваше одобрение, односно акредитација. На неколку пати беше одбиван, затоа што не ги исполнувше условите. Не знам по кој пат последното барање од страна на Одборот за акредитација покажува дека истиот ги има исполнето условите за работа, односно дека се бараше само некое мало дополнување кое тие го исполнија околу банкарската гаранција и после тоа следуваше од страна на Министерството за образование и наука да се даде времена акредитација од 6 месеци. Што значи, во моментот, Славјанскиот универзитет има времена акредитација од 6 месеци што значи дека процедурата и понатаму продолжува до онаа трајна акредитација која тие ја бараат, односно верификација за работа на Славјанскиот универзитет.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Јанкуловски.

Господине Герамитчиоски, дали сте задоволен од одговорот или ќе упатите дополнително прашање.

**Тале Герамитчиоски:** Не сум задоволен, бидејќи од контактите со членови на Одборот за акредитација јас добив поинаква информација. Доколку нешто сега во последен момент се променило, јас барам да ја добијам во посмена форма на увид таа документација, да видам како е добиена. Ако е добиена времена согласност, се поставува прашањето што е со оние две генерации кои што беа претходно запишани и работат. И кој врши увид на работата на Универзитетот, бидејќи и во јавноста беа обелоденети голем број на финансиски малверзации во кои што родителите реагираа, а Министерството не е во негова ингеренција, ниту може да реагира.

Значи, дополнителното прашање е, како се постапи по однос на овие аномалии кои што во јавноста, значи финансиски малверзации кои што во јавноста беа обелоденети. Може да се одговори и во писмена форма.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Господине Јанкуловски, дали ќе одговорите веднаш или писмено?

**Живко Јанкуловски:** Пратеникот ќе добие одговор и во писмена форма, меѓутоа, должен сум да истакнам дека Славјанскиот универзитет по добивањето на последното решение од Одборот за акредитација каде што се бараше дополнување. Беше кажано дека истите услови ги има исполнето и тоа беше кажано од страна на одборот за акредитација. Тоа се случи последниот месец дена. И врз основа на тоа позитивно мислење од Одборот за акредитација дадено е тоа времено решение од 6 месеци. Меѓутоа, како што побара пратеникот ќе добие писмена информација.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Јанкуловски.

Вашето трето прашање исто така беше до Министерството за образование и наука. Бидејќи немаме нивен претставник, на ова прашање ќе одговори вицепремиерот Јанкуловски.

**Живко Јанкуловски:** Значи, последното прашање беше и се однесуваше на новиот факултет за администрација и менаџмент и информациски системи при Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола, кој можам да кажам дека успешно започна со работа и каде што запиша над 250 студенти. Таму од страна на Матичната комисија беше направен избор. На тој избор, точно е тоа дека тие информации ги имаме, дека имаше приговори од страна на Министерството се реагираше врз основа на тие приговори беше испратен просветен инспектор. Просветниот инспектор е во фаза, колку што мене ми е познато на составување на извештајот, односно записникот од направениот увид. Подоцна ќе ги добиеме податоците од извршениот увид. Нашите информации кажуваат, бидејќи матичната комисија работеше доста интензивно за да може да се воспостави токму оваа година да започне учебната година онака како што треба и овие запишани студенти да можат да ја следат наставата и тоа доста квалитетно дека од нивна страна, нормално дека и ние како Министерство за образование и Влада не интересираше врз основа на овие претставки да добиеме некакви податоци. Беше кажано дека е направен вистински избор, дека се избрани вистински кандидати со почитување на законот во целост, а тоа секако ќе причекаме да го каже и просветниот инспектор. Секако на пратеникот ќе му биде дадена информација од извештајот на просветниот инспектор.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Јанкуловски.

Господине Герамитчиоски, дали сте задоволен од одговорот, или ќе упатите дополнително прашање?

**Тале Герамитчиоски:** Јас бев прецизен во барањето, бидејќи знам дека не е во ингеренции на вицепремиерот како работи просветниот инспекторат. За тоа си има надлежен министер.

Барам писмено да ми се достави извештајот на просветниот инспектор кој што бил и извршил увид и да видиме какви незаконски дејства, или законски дејства утврдил, па потоа можеме да разговараме. Инаку, сето е во сфера на шпекулации, овој рекол вака, оној рекол онака. Писмениот извештај на релевантната институција е основа за дебата. Јас не очекувам дека вицепремиерот до детали е запознат со работа на просветниот инспекторат. Затоа барам министерот за образование и ќе инсистирам на тоа да ми се достави писмениот извештај од просветниот инспекторат.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски. На вашето дополнително прашање ќе биде писмено одговорено.

Објавувам 10 минути пауза за координација во врска со барањето на пратеничката група на СДСМ за нова итна седница.

(Пауза од 16,10 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,38 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратставниците на Владата и пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Уште еднаш ги молам претставниците на Владата и пратениците да ги заземат своите места за да можеме да продолжиме со работа.

Дами и господо пратеници, пред да продолжиме со пратеничките прашања,односно пред да му дадам збор на господинот Иван Стоиљковиќ, ве информирам дека на последната координација што ја имавме со координаторите на пратеничките групи, се договоривме да после завршувањето на седницата за пратенички прашања во 18,00 часот да ја закажеме итната седница, по барање на пратеничката група на СДСМ со една точка на дневен ред - Инфорамција за настанот во областа Танушевци и можни рефлекси по безбедносната ситуација во Република Македонија.

Сега, 10 минути за пратенички прашања има господинот Иван Стоиљковиќ, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Многу кратко, прашањето е едно, не повеќе.

По природата на нештата, прашањето би требало да биде упатено кон министерот за надворешни работи, меѓутоа господинот Милошоски не е тука. Така што во тој случај, бидејки и претседателот на Владата не е тука, господине Ставрески ќе ве повикам вие да дадете одговор.

**Бесим Догани:** Господине Стоиљковиќ, само да ве информирам дека заменикот министер за надворешни работи е тука.

**Иван Стоиљковиќ:** Мислам дека е подобро потпретседателот на Владата ако може да одговори, ако не писмено, ќе се договориме, нема проблем.

Господине потпретседателе,

Во нашата држава постои политичка пракса, кога некоја политичка партија ќе се обиде да излезе од некој проблем или пак ќе направи некој

политички проблем па не знае како да ретерира или да се врати назад од него, тогаш ја потегнуваат онаа стара добра проказна " тато, мама, бато, жими мама - НАТО". Така што имавме една ситуација, или пак ако проблемот е многу поголем или јавноста тој проблем потешко го вари, тогаш велиме "жими Европска унија", или "жими Америка". Ова беше вовед, сакајќи да ви кажам дека ситуацијата можеби не би заслужувала ваков коментар да не доаѓа од сериозен владин политички партнер, тоа е партијата ДПА која под мотото "за влез на Македонија во НАТО" промовираше ставови Македонија да го напушти системот на меѓународното право, односно да излезе надвор од меѓународниот правен поредок.

Од тој аспект господине потпретседателе, за да се избегнат шпекулации во јавноста или тоа да се користи како евентуална најава за некакви активности на Владата во наредниo тпериод штоможат да предизвикаат сериозни последици, ве молам да ми одговорите на прашањето кои меѓународни договори со кои држави ги определуваат меѓународните признати граници на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам на прашањето господине Стоижковиќ.

На вашето прашање ќе одговори вице премиерот Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам на почитуваниот пратеник.

Сепак, ќе мора да причека дополнителен одговор од Министерството за надворешни работи заради сензитивноста на прашањето и заради темата. Сепак ќе доставиме писмен одговор.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ставрески.

Господине Стоиљковиќ, на вашето барање ќе биде одговорено по писмен пат.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам, во рокот определн со Деловникот ќе го добијам одговорот на поставеното прашање.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Стоиљковиќ.

Десет минути за поставување пратеничко прашање има пратеник Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани министри, почитувани пратеници,

Моите еве пратенички прашања, првото се однесува до Министерството за економија, поточно до министерот за економија госпоѓа Вера Рафајловска.

За сторен прекршок, според Законот за вршење угостителска дејност, каде со правосилно решение во управна постапка изречена мерка забрана за работа максимум од 90 работни дена, па по истекот на забраната за работа, од страна на органот на управа поднесена е прекршочна пријава за сторен прекршок по истиот основ и за истиот прекршок и со правосилна пресуда, покрај изречената парична казна, изречена е мерка за безбедност забрана за вршење дејност за период од 2 години.

Се поставува прашање дали за сторен прекршок по ист основ може да се изрече казна и во управна постапка и во судска постапка?

Се извинувам, не знам дали прашањето требаше да биде упатено токму таму, макар што ме упатија дека треба до Министерството за економија, бидјеки и тоа е дел од економијата, дали до финансии или правда, н о одговорот веројатно ќе ни го даде некој од почитуваните министри. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува до премиерот и министерот за внатрешни работи госпоѓицата Јанкулоска, колку време беше потребно да ми одговорите писмено на моето пратеничко прашање за каубојскиот упад во дискотеката "ВИП" во Крива Паланка, што се случи некаде на 14 јули во 01,30 часот ноќта кога имаше обид за убиство на околу 300 млади луѓе од Крива Паланка, со уфрлена димна бомба со огромни последици.

Јас имав поставено рпашања во писмена форма и чекам одговор до ден денеска. На 16 јули се упатени пратенички прашања до почитуваниот премиер и до министерката за внатрешни работи. Денеска е 25 октомври, одговор сеуште немам. До кога ќе чекам, не знам. Граѓаните на Крива Паланка бараат одговор секојдневно од мене. Јас барам одговор од почитуваните кои веќе ги потенцирав.

Затоа го повикувам почитуваниот премиер Груевски да даде одговор на родителите на овие 300 тинејџери и на целокупната јавност на прашањето и зошто до сега не ми е одговорено во писмена форма, според Деловникот, најмалку 20 дена откако прашањето ќе биде упатено.

Истото прашање се однесува и до министерот за внатрешни рбаоти. Прашањето е дали зад овој инцидент стои Оливер Алексовски, началник на ОВР Крива паланка и претседател на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во овој град, кој, патем, беше началники во период 2000-2002 година. Понатаму, прашањето е дали причината за овој инцидент е тоа што Далибор Алексоски, наречен Чарли, инаку брат на актуелниот началник на ОВР Крива Паланка е сопственик на дискотеката "Чарли - стил", а бизнисот не му оди добро поради новоотворената дискотека "ВИП", против кого има и потерница.

Дали е ова причината што министерката за внатрешни работи не излезе со изјава за таканаречени несоборливи докази за овој инцидент? Барам во писмена форма да ми се даде одговор за да бидам јас чиста пред граѓаните од Крива Паланка, пред родителите на овие 300 млади кои имаат сериозни последици, а исто така ако може и овде да се одговори пред целата македонска јавност. Зошто 3,5 месеци чекам одговор на поставеното прашање?

Благодарам, верувам дека ќе бидат во можност да ми договорат и сега, а барам задолжително одговор и во писмена форма. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

На вашето прво прашање ќе одговори министерката за економија, повелете.

**Вера Рафајловска:** Благодарам на прашањето.

Со оглед на тоа дека е комплексно прашањето, опфаќа прекршочна постапка или казна што е дел во Министерството, а втората за што се надлежни правосудните органи, по доставеното прашање децидно ќе се одговори на пратеничката.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

На вашето прашање ќе ви биде одговорено по писмен пат.

На вашето второ прашање ќе одговори минситерката за внатрешни работи, повелете.

(Пратеникот Благородна Цветановска бара да добие збор за изјаснување по одговорот).

Кога одговорот е дека ќе ви се одговори писмено, немате право да интервенирате. Зато јас не ви обрнав внимание, бидејки немаше одговор.

Повелете госпоѓице министерке.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам потпретседателе.

И покрј тоа што на ова прашање е одговарано повеќе пати, уште еднаш ќе го повторам мојот одговор, бидјеки ценам дека е значајно и пратеничката да го чуе, но и уште еднаш да се обелоденат фактите.

По однос на преземените мерки и активности во врска со регистриран настан во Кабарето “ВИП” во Крива Паланка, настан што се случил на 14.07.2007 година, практично ние излеговме со официјален став и се работи за угостителски објект што не е непознат ниту на пазарната инспекција, ниту на Министерството за внатрешни работи.

Имено, во врска со работењето на Кабарето “ВИП”, во декември 2006 година и јануари 2007 година, од страна на Секторот за внатрешни работи од Куманово, Одделение за внатрешни работи Крива Паланка и пазарниот инспектор од Крива Паланка беа извршени три акциски контроли во рамките на кои се откриени 25 малолетни лица кои незаконски престојувале во Кабарето. Утврдено е и присуство на алкохол кај овие лица, што само по себе е недозволено.

Исто така, при контролите се утврдени и низа други недоследности и непочитувања на позитивните прописи во делот на функционира не овој угостителски објект, како што е неразграничување на просториите за пушење, понатаму неиздавање на фискални сметки и ред други прекршоци што не се во надлежност на Министерстовото за внатрешни рбаоти. Но, значајно е да се напомене дека како резултат на овие контроли, Пазарниот инспекторат донесе две решенија за затворање на објектот во траење од 60, односно 90 дена. Исто така, во последните три месеци од годината се извршени дополнителни акциски контроли каде повторно е консттирано присуство на малолетни лица во објектот.

За овие констатирани незаконитости, што очигледно се повторуваат, од страна н аОВР Крива Паланка против управителот и правното лице како такво, правното лице Кабаре “ВИП” се поднесени повеќе прекршочни пријави според Законот за прекршоци испоред Законот за јавен ред и мир.

Кога зборуваме за конкретниот настан, ова беше само за да јавноста има увид за што точно зборуваме, зборуваме за еден угостителски објект што несомнено е популарен, зборуваме за конкретниот настан што се случил ноќта на 15.07.2007 година, практично утврдено е дека непознат сторител преку прозорскиот отвор на задната страна на објектот активирал непозната гасна материја. Според анализата, најверојатно се работи за солзавец. Присутните гости почнале панично да излегуваат и при тоа полесно се повредени десетина лица. 21 лице се пожалиле на гушење, на печење, на солзење на очите, што се карактеристични симптоми при употреба на ваков вид на материја. На дел од лицата им е укажана лекарска помош во ЈЗУ Крива Паланка, а на едно лице и во Медицинскиот центар во Куманово. Сите тие понатаму се пуштени на домашно лекување.

На местото на настанот веднаш е извршен увид од стана на истражен судија, заменик јавен обинител и екипа на ОВР Крива Паланка. Исто така извршени се разговори со сопственикот и управитлот, како и со пвоеќето од вработените и гостите кои во моментот се наоѓале во објектот. Посочено е дека во моментот кога се случил настанот во Кабарето се наоѓале околу 150 гости, при што гостите ги почувствувале симптомите за кои што претходно зборував, па во паника масовно почнале да го напуштаат објектот.

ОВР Крива паланка изготви оперативен план за постапување поодност на овој настан. Извршен е увид во Кабарето. Понатаму извршена е анализа на податоците на безбедносниo тисстем и преземени се други активнсоти што се неопходни да се преземат во ваков еден случај.

На 23 јули е поднесена кривична пријава за сторено кривично дело предизвикување на општа опасност, согласно член 288 од Кривичниот законик. Вопоткрепа на оваа пријава стојат 26 извршени разговори со лица кои во моментот се наоѓале во објектот, заради утврдување на околностите на настанот, од анализите на претходно регистрираните безбедносни настани во објектот каде што се наоѓа Кабарето “ВИП”, а во непосредна близина се наоѓа пицеријата “Бела каза” односно други објекти каде што било регистрирано нарушување на јавниот ред и мир и вршење на други кривични дела, добиени се индиции за кои се направени дополнителни проверки по однос на лицата кои се вклучени во извршување на овие инкриминации.

Инаку, како што реков и на почетокот во врска со работењето на Кабарето "ВИП" во декември 2006 година и јануари 2007 година од страна на СВР Куманово, ОВР Крива Паланка и пазарниот инспектор од Крива Паланка извршени се повеќе акциски контроли во рамките на кои се утврдени низа прекршивања на закони, како што се малолетни лица кои незаконски престојувале во Кабаре, понатаму присуство на алкохол кај овие лица, неиздавање на фискални сметки ит.н. и од овие рпичини во два наврати Пазарниот инспекторат донесе две решенија за затворање на споменатиот објект во траење од 60 односно 90 дена.

За констатираните незаконитости од страна на надлежните органи поднесени се повеќе пријави по однос на различни закони, Законот за прекршоци, Законот за јавен ред и мир и т.н. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Госпоѓо Цветковска, дали сте задоволна од добиениот одговор или ќе поставите дополнително прашање.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Од добиениот одговор не сум задоволна, затоа што јас веќе тоа го знам, тоа го дадоа веќе на прес конференција. Ваквите сознанија веќе ги има прочитано. Тоа се многу ефтини финти. Се располага со многу неточни податоци и ме чуди изјавата на минстерот за внатрешни работи да дава вакви неточни изјави, бројка на присутни во моментот кога се случило, затоа што после половина час и јас бев на местото на настанот.

Ова се многу ефтини финти со кои се служите. се работи за препознатлива личност. Па, сите се личности, меѓутоа ова е партиски човек на СДС. Затоа и вака постапувате. Дека е цариник, осомничен за поткуп и сл. Тој не е осомничен ни за поткуп, тој е цариник. Дека бил во бегство, и тоа не е точно.

Мислам дека многу работи не држат. Барам министерката, односно министерот, министерка во македонскиот јазик не постои туку министер, во писмена форма да даде подетален опис, затоа што јас воопшто не се согласувам со вакви ефтини финти и вакви неточни податоци. Овие се извадени од ракав, бидејќи се работи точно за партиска личност. Човек кој припаѓа на СДС.

Зошто министерката не кажа за потерницата што ја има против Далибор Алексоски таканаречен Чарли. За тоа е молк, а за овој човек се крена паника во воздух. И до сега, 3,5 месеци чекав, граѓаните на Крива Паланка ќе бидат трпеливи, ќе чекаат уште месец ако треба, меѓутоа со факти, конкретни и точни податоци барам одговор во писмена форма за да можам да излезам пред граѓаните на Крива Паланка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Цветковска, на вашето прашање ќе биде писмено одговорено.

Сега, 10 минути за поставување пратеничко прашање има господинот Агим Рамадани, повелете.

Вклучете ја госпоѓата Благородна Цветковска.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

По се изгледа, првото прашање што го поставив не предизвика никаков интерес, а тоа гласи дали за сторен прекршок по ист основ може да се исрече казна и во управна постапка и во судска постапка? Одговорот на прашањето треба да ми го даде човек од бранашата на која припаѓа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Цветковска.

Мислам дека на вашето прашање одговори министерката за економија, укажувајќи дека писмено ќе ви се обрати.

Но еве, бидејќи дополнително се заинтересиравте и давам збор на министерката за економија,.

**Вера Рафајловска:** Писмено детално ќе одговориме на поставеното прашње. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Десет минути за поставување пратенички прашања има пратеникот Агим Рамдани, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине потпретседтел.

Денеска ќе поставам три прашања, две до Министерството за здравство и едно прашање до Министерството за внатрешни работи, но надоврзано со Министерството за здравство, што претходно даде одговор на поставените прашања од пратениците.

Го прашувам заменикот министер, господинот Лазаревик кој е денеска присутен и го застапува Министерството за здравство, од аспект на реформите во здравството се забележува голем напредок во насока на имплементација на новите стандарди во областа на здравството, како во примарното, така и во секундарното и терцијалното здравство. Но, колку што имам информации, ова Министерство подготвува големи проекти ДРЈ и електронската карта што ќе ги замени здравствените картони или здравствените легитимации како форма на организација и имплементација на здравството и здравствената помош, да се регистрираат на секое место и од секој аспект.

Од овој аспект поставувам прашање до господинто Лазаревик, до каде се стасани овие два проекти.

Второто мое прашање, бидејќи сите знаеме дека во Клиничкиот центар во Скопје се направија реформи во организациска и реорганизациска смисла, според моите информации оваа реорганизација е направена во клиничкиот дел на Факултетот по медицина или во клиниките на Универзитетот при Клиничкиот центар, но во насока на предклиники или во институтите, едноставно организацијата е со стариот Закон.

Значи дека сеуште постои организација ООЗТ Институт, во кој Институт се опфатени Институтот по анатомија, на патолошка анатомија, микробиологија, патофиза, правна медицина и други институти.

Во план на Министерството е имплементацијата на раководни екипи, екипи на менаџери кои ќе управуваат со овие институти во клиничките центри, но во делот на институтите имаме ужасни случаи каде и ден денеска од 1989 година има човек кој е директор од поранешна Југославија. После, во демократскиот систем, по осамостојувњето на Македонија како држава и ден денеска тие луѓе се директори.

Го прашувам заменикот министер во овие институти, овие лица, кои се 18-19 или 20 години директори, дали директорувањето им е професија или функција?

Третото прашање го поставувам до госпоѓица Јанкуловска.

Знаеме дека Министерството за здравство, во моето прашање пред три месеци за ревизијата направена во Болницата во Битола, во Куманово и во Тетово, конкретно во Болницата во Тетово, ревизијата беше одговор на Министерството и се идентификуваа злоупотреби, големи злоупотреби во насока на раководството на Болницата во Тетово. Дали Министерството за внатрешни работи презеде мерки, врз основа на овој извештај од ревизијата и врз основа на информациите што ги има Министерството за здравство? Барам усмен одговор, но ако нема можност за усмен одговор, може да ми одговорат и писмено. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рамадани.

Бидејќи поставивте две прашања до Министерството за здравство, поради економичност и прагматичност дали прифаќате да ви одговори на двете прашања воедно, па да кажете дали сте задоволен од одговорите?

Повелете господине Рамадани.

**Агим Рамадани:** Прифаќам да одговори на двете прашања.

Заборавив на едно, дополнително прашање, да поставам, а тоа е дека од моите колеги, од кои добивам поплаки, како пратеник, моите колеги лекари, имам информации дека за да се добие лиценца од Лекарската комора на Македонија, лекарите се принудени ретроградно да плаќаат членарина на Комората, а тоа се 200-300-500-600 евра зависи од моментот кога дипломирал и лиценцата му важи од денот кога аплицирал? Дали е законско ретроградното плаќање на членарината во Лекарската комора? Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рамадани.

Господине Лазаревик, повелете.

**Предраг Лазаревик:** Му благодарам на пратеникот Рамадани за овие неколку интересни прашања.

Ќе се потрудам накратко да го информирам Парламентот, а воедно и македонската јавност кои се активностите што се преземени од страна на Министерството во делот на овие проекти што беа напомнати.

Пратеникот Рамадани се интересираше конкретно за воведување на новиот начин на финансирање на болниците, што се нарекува Дијагностичко сродни групи или популарно ДРЈ.

Практично, во текот на целата година се подготвуваме како Министерство да го промениме начинот на финансирање од буџетско финансирање, што се заснова на историски буџет на здравствените установи во изминативе три години, кон финансирање врз основа на пондуени здравствени услуги. Таа методологија се состои во неколку фази. Едната фаза е обезбедување на лиценца што ја продаваат земјите кои го имаат патентирано овој вид на методологија. Како Влада се одлучивме да тоа биде австралијанската лиценца и практично склучивме договор со австралијанската Влада во висина од 50 илјади евра, каде што ја купивме лиценцата од нив, која што лиценца ни овозможува да го користиме овој начин на пресметување на услугите во здравствените установи на Република Македонија.

Во меѓувреме имавме распишано тендер за странска консултантска куќа, што се наоѓа во завршна фаза и тој тендер практично очекуваме дека во почетокот на декември, дека консултантите ќе бидат во Република Македонија.

Исто така, имаме одржано неколку работилници, каде што ги подготвуваме сите директори во ЈЗУ, сега веќе тимови на директори што ќе бидат составени од доктор и економист, дека во сите болници, поради тоа што треба да напомнам дека ваквото плаќање ќе се однесува само на акутните случаи, на оние пациенти кои се примени како акутни случаи. Да биде појасно за јавноста, тука не влагаат психијатриските или хроничните пациенти. Разликата помеѓу цената што ќе се плати за одредена услуга, ќе зависи од комплексноста на самиот случај. Постои специјален софтвер што ќе биде во фаза на развивање во Република Македонија. Тој се вика "ГРУПЕР" и тој практично овозможува, врз основа на комплексноста на случајот што го има одреден пациент да го класифицира во соодветна сродна дијагностичка група.

На тој начин се постигнуваат две основни цели:

Прво, се постигнува ние како здравство да можеме рамноправно, односно праведно да ги финансираме здравствените установи врз основа на услугите што ги нудат,

Втората цел што ќе ја постигнеме е, ќе успееме да обезбедиме стандардизација на квалитетот на услугата во сите болници. Тоа е од исклучително значење заради тоа што нема да се случува или нашите очекувања се дека повеќе нема да се случува да пацинетите од некои други градови бидат постојано префрлани во Скопје или во

некои од поголемите центри заради тоа што болницата на тој начин ќе загуби и таа нема да има интерес да ги префрла пациентите, туку ќе има интерес како да го зголеми бројот на услугите што ги нуди во самата здравствена установа.

Ова е еден вистински револуционерен метод и морам да напомнам дека не сите држави се решаваат на ваков начин на воведиување на промена во здравствениот систем заради тоа што таа вистински ги покажува квалитетите или неквалитетите на одредени здравствени установи. Очекуваме дека со ова ќе се постигне:

Прво, услугите ќе бидат директно поблиски до пациентите, тие ќе можат на некој начин да го добијат квалитетот на услугата во местото или во најблиската здравствена установа до местото каде живеат и вистински ќе можеме да имаме праведна распределба на средствата.

Очекуваме дека овој процес ќе се спроведува во текот на целата 2008 година и постепено буџетите ќе бидат намалувани, а учеството што ќе биде финансирано преку ДРЈ ќе биде зголемено.

Тоа е во овој дел, како концептуално објаснување. Се надевам дека пратеникот ќе биде задоволен.

Во вториот дел на прашањето, што се однесуваше на електронската здравствена картичка тоа е исто така комплексен проект. Електронската картичка е последната алка на еден цел процес од неколку фази што би требало да се круниса, на некој начин, со имање на електронска здравствена картичка.

Она што сега го имаме направено е во соработка со една работна група што беше формирана во изминатите два месеца и со словенечки експерти за ИТ технологија. Развиен е целосен систем како практично да изгледа нашиот интегриран информатички здравствен систем.

На кратко само би кажал дека одлуката што ние ја донесовме, таа информација ќе биде пласирана од Владата веќе во текот на наредната недела, ќе имаме еден централен систем, поточно централна база на податоци, каде што ќе се гледаат сите податоци од сите јавни здравствени установи, како што се плус апотеките, Фондот за здравствено осигурување, за водите. На некој начин целокупниот проток на информации што ќе оди од ЈЗУ до амбулантите ќе се слеваат во Министерството за здравство или на локација што ќе биде определена допонлително.

Битно е дека пациентот, во еден момент ќе ги замени постојните здравствени книшки со електронска здравствена картичка и во оној момент кога тоа ќе се случи, а ние очекуваме тоа да биде кон крајот на 2008 година, ќе може, вистински, докторот кој ја издава дијагнозата или кој ја утврдува фактичката состојба на пациентот, да биде запознаен со цеокупната историја на заболувањето што тој пациент ја имал, независно каде му била понудена услугата. На тој начин картичките, сами по себе, нема да содржат голем број на информации, туку ќе претставуваат само пристап до базата на податоци што ќе биде дополнително заштитена од било каков вид на можни злоупотреби, согласно соодветните закони.

На тој начин ќе се пристапи кон подобрување на информациите, што е голем проблем во Република Македонија, особено во делот на здравството.Сеуште имаме проблеми со евидентирање на податоците и токму воведувањето на соодветната информатичка технологија ќе помогне да го подобриме протокот на информации и нормално, во услови на креирањето на здравствената политика.

Инаку, се очекува дека ќе распишеме два тендери. Едниот ќе биде во склопот на проектот за управување со здравствениот систем, односно ќе бидат искористени средствата од заемот на Светска банка, додека вториот дел од кредитот ќе биде обезбеден преку Буџетот на Република Македонија. Едниот тендер ќе биде распишан веќе во ноември месеци.

Со тоа би завршил во одговорот на второто прашање.

Имаше прашање за Клиничкиот центар, односно прашањето беше за институтите.

Не можам да негирам некои од фактите што беа изнесени. Точно е дека имаме таква ситуација на институтите. Она што можам да го кажам е дека организацијата и работата на институтите при Медицинскиот факултет се регулира не само со Законот за здравствена заштита, туку и со Законот за високо образование.

Она што треба да се случи, а тоа е реформата што ќе настане во делот на реорганизацијата на институтите и нивното организирање, поточно внатрешно интегрирање во склопот на Медицинскиот факултет е директно засновано со носењето на законот за високо образование од страна на овој Парламент. Не сум сигурен дали тој закон, мислам дека неколку пати беше предмет, меѓутоа сега е веројатно во собраниска процедура и веднаш по изготвувањето на законот ќе следи и реформа во организацијата на институтите, што ќе станат составен дел, односно организациона единица на Медицинскиот факултет. Верувам дека тогаш ќе можат да настанат некои освежувања, во итнерес на подобрување на нивното работење.

Конечно, за Лекарската комора, дали е наплаќано ретроградно за лиценци, би морал дополнително да се информирам. До колку не е проблем, писмено би го информирал пратеникот Рамадани за тоа дали се извршени вакви наплаќања што се, можеби, противзаконски. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Лазаревик.

Господине Рамадани, дали сте задоволен од добиениот одговор или ќе поставите дополнително прашање, повелете.

**Агим Рамдаани:** Сосема задоволен.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рамадани.

На вашето второ прашање ќе одговори министерката за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Одговорот е за третото прашање.

Врз основа на претходно пратеничко прашање до министерот за здравство за состојбите во неколку болници во Битола, Куманово и Тетово, внимателно ги разгледавме овие информации и преземаме активности за кои што, до колку пратеникот прифаќа, би го информирале по писмен пат.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Јанкуловска.

Господине Рамадани, дали прифаќате да биде писмено одговорено?

**Агим Рамадани:** Да, прифаќам.

**Бесим Догани:** Тогаш, продолжуваме понатаму.

Десет минути за пратенички прашања има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседтеле, почитувани министри, почитувани колеги,

Би сакал и јас да го искористам своето деловничко право и да поставам три прашања до Владата на Република Македонија.

Првото прашање е до претседателот на Владата, господинот Груевски, а се однесува на бесправното сечење дрва во Општина Велес и Општина Чашка. Мислам како проблем се однесува и за Република Македонија.

До мене како пратеник пристигнаа неколку интервенции од страна на жителите на Карабуниште, на Богомила, Извор, на Бузалково, кои што граѓани реагираат дека во тек е неколку години наназад бесправно сечење на шумите во атарите на овие и општини и населени места и дека за тоа не се преземаат никакви мерки ова да се стопира и да не се врши понатаму уништување на овие подрачја. Мислам дека проблемот е многу сериозен. Граѓаните на Карабуништа се имаат обратено до сите надлежни институции, се имаат обратено до Министерството за земјоделтво, шумарство и водостопанство, до граничната полиција, се имаат обратено до Македонски шуми, до подрачната единица во Велес, директно имаат доставено писмо со образложување и до премиерот на Владата на Република Македонија, но сеуште нема преземено никакви активности. Мислам дека доколку се продолжи со ваквата пракса некој бесправно да ги сече шумите и притоа да остварува корист материјална, но од друга страна да прави такви штети кои што веројатно со години ни со пари не можат да се надоместат, кои мерки ќе ги преземе Владата за да се спречи бесправното сечење на шумите во Република Македонија.

Летото бевме сведоци на многу пожари, за кои што читаме дека се намерно предизвикани, се со цел да се овозможи потоа дрвната маса да се собере по многу ниски цени или без никакви надоместоци. Кои се мерките кои што Владата планира да ги преземе за да се спречи бесправното сечење на шумите на Република Македонија и дали имаат некој план на активности со рокови кога оваа работа ќе се реализира. Бидејќи, постојат сериозни проблеми секоја година се дискутира, но сеуште нема ништо преземено по однос на ова прашање.

Второто прашање се однесува на цената на закупнината на становите на граѓаните со ниски примања и тоа ми е упатено до Министерството за транспорт и врски или така наречените социјални станови.

Во општина Велес после период од 6 години кога започна изградбата на овие социјални станови, граѓаните кои што ги добија овие станови на конкурс и требаше да ги користат истите, бидејќи немаше сеуште догледен период во кој што ќе можат да влезат во своите станови и да ги користат, влегоа насилно во становите, неможејќи повеќе да чекаат да се реши ова прашање. Сите бевме сведоци во електронските и печатените медиуми за една состојба која не беше добра и во која што дел од луѓето таму се држеа како заложници, не можеше да им се достави вода, храна, а имаше и деца, имаше и болни луѓе, но сето тоа се реши благодарение на притисокот на граѓаните. Кога дојде време да ги потпишуваат договорите за ко ристење на овие станови, испадна дека закупнината или ќиријата е многу висока. За некој од нив дури и преголема и не можат да ги плаќаат сметките и се доведе во прашање нивното понатамошно користење на овие станови. Повеќето од нив се луѓе кои навистина имаат потреба од вакви станови, немаат каде да живеат, а можеби во периодот кога конкурирале некој им ветувал или се повикуваат дека министерот им ветувал дека закупнината нема да биде поголема од илјада денари. Сега, се соочуваат со сметки од 2500 па нагоре и таа цена е многу висока за овие граѓани, посебно за оние што се корисници на социјална помош или немаат доволно примања во своето семејство за да можат да ги плаќаат овие сметки и сакаат да знаат дали Владата планира на оваа категорија на граѓани, согласно ветувањата што им ги давала, и јас само го пренесувам ставот на овие граѓани, дали планира да им помогне и да ја намали закупнината за овие социјални станови, бидејќи дел од нив не можат да ги плаќаат овие сметки. Навистина, им претставува проблем со тага и со нервоза, со емоции реагираат дека биле изманипулирани и дека некој им ветувал дека закупнината нема да биде поголема од илјада денари. Но, сега кога се соочиле со фактот дека е навистина висока, се прашуваат каде ние да одиме понатаму.

Затоа, ја прашувам Владата или Министерството, дали планира закупнината на овие станови да биде пониска како би можеле овие луѓе да дојдат во ситуација, прво, пет години да плаќаат кирија,

па потоа да имаат право да ги откупат овие станови.

Третото прашање се однесува до Министерството за финансии, проблемот е малку од постара природа, односно се однесува на статусот на Управата за јавни приходи во Велес. Знаеме дека, ако не ја згрешам годината, до 2000-та година Велес беше центар по однос на како дирекција која што ги покриваше сите подарачни единици на Управата за јавни приходи долж повардарието. Тогашната Влада исто така на ВМРО ДПМНЕ донесе нов закон со кој што дирекцијата на Управата за јавни приходи ја префрли во Прилеп, притоа не водејќи сметка за стопанствениците на луѓето кои што се занимаваат со бизнис и им претставува сериозна тешкотија на луѓето да си ги завршат работите, одејќи во Прилеп, бидејќи никогаш ниту претходно немало поврзаност на Велес со Прилеп по било кој основ. Велес важеше за центар во регионот по однос на сите овие институции кои што имаат регионална канцеларија и сите подрачни единици беа во сите градови, а Велес беше центарот. Сега, се случува Велес да биде последен град во тој регион и сите тие регионални канцеларии да се селат во други градови или има пракса директори на јавни претпријатија на други институции да се носат од други градови. Мислам дека брзо ќе стаса реакцијата на сите граѓани на Велес за ваквата политика, но конкретно управата за јавни приходи дали планира во Министерството за финансии повторно Велес да си го врати стариот статус на регионална дирекција во Управата за јавни приходи со сите надлежности што одат со овој статус односно сите други помали градови да бидат под нејзина надлежност. Потоа, дали тоа ќе се направи во брзо време.

Исто така, сакам да поставам едно барање до Министерството за финансии, до Управата за јавни приходи дали може да ни достават писмено список на лица кои што им се поднесени даночни пријви по кои што треба да платат повеќе персонален данок на доход од Велес за 2006 година.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

На вашето прво прашање кое беше упатено до Владата ќе одговори министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете министре.

**Аце Спасеноски:** Прво, една благодарност до пратеникот што постави едно прашање кое со години наназад создава огромни проблеми со бесправната сеча. Подетални информации од извештајот што се е сработено за бесправната сеча, ќе биде доставено во писмена форма. Меѓутоа, сакав, поради негово запознавање, запознавање на Собранието и јавноста, да изнесам неколку податоци околу тоа што е тоа што е досега направено за да се спречи оваа бесправна сеча и ова пустошење со нашите шуми.

Како податок од 1. септември 2006 година до денес поднесени се од страна на шумската полиција илјада поднесени се 1927 пријави, 200 дополниелни кривични пријави и 30 пријави од Шумарскиот инспекторат за стоваришта кои продавале дрва. Запленети се 3815 просторни метри дрва и 156 метри кубни дрва. Запленети се 93 товарни возила, 20 трактори, 109 патнички возила со приколка, дополнителни плус 30 тракторски приколки, 72 моторни пили. Сето ова, да повторам е направено во текот на оваа година. Во акциите што ги спроведуваше шумската полиција, се вклучи и Министерство за внатрешни работи кое дава значаен придонес во борбата против оваа бесправна сеча. Да не застанеме само на тоа, ние паралелно ги обучуваме и ја опремуваме шумската полиција. Во текот на оваа година имаме доекипирање на шумската полиција со сто нови шумски полицајци и следната година уште 100. Паралелно е почнат процесот на трансформација на јавното претпријатие Македонски шуми. Исто, во Владина процедура многу брзо и на Собрание ќе дојде и Законот, измена на Законот за шуми, каде што со новите законски регулативи се доуредува, допрецизира новите правилници кои ги изработи Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство околу жигосувањето, испратниците за транспорт на дрвната маса која е исечена, околу начинот на транспортирањето на исечената дрва маса, се со цел да се стави точка на тие можни манипулации кои години, години наназад доведувале до ситуација на енормни количини на бесправна сеча. Како еден фрапантен податок кој го најдов со моето доаѓање како министер ми беше дека Крушево 2006 или 2005 година, иако нема централен систем за греење, шумското стопанство немаше продадено ни еден метар кубен дрва. Буквално цело Крушево се греело на дрва, а од каде стигнаа дрвата. Значи, ова не е проблем на Велес, ова е раширена појава во Република Македонија која со овие подсатоци што ви ги кажав, а подетални, поточни информации ќе ги доставиме во писмена форма, се покажува јасната определба на Министерството, Секторот за шумарство, шумската полиција во соработка со Министерство за внатрешни работи, да се стави точка на ова дивеење со нашите шуми. И, ако на тоа се додаде дека измените на законот, што веќе помина на Собрание, каде што секое едно пресечено дрво треба да се засадат две и околу новите планови за пошумување, каде што претходните 500-600 хектри пошумување во минатите неколку години, од оваа година почнуваме со пошумувње и веќе пошумуваме две, три, четири илјади хектари, а на тоа се додаваат плус површините кои беа зафатени со пожари. Овие се само податоци кои во овој момент можам да ги дадам за се она што се работи во Секторот шумарство, а подетални информации писмено ќе ги доставиме на пратеникот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасеноски.

Господине Николов дали сте задоволен од добиениот одговор.

**Марјанчо Николов:** Му благодарам на министерот за одговорот, бидејќи ќе следи и писмен одговор би сакал уште неколку дополнителни прашања да бидат содржани како одговори во писменото образложение.

Очигледно е дека проблем постои во Република Македонија и очигледно е дека гланвиот проблем, господине министер, е да се спречи како да се сечат шумите. Тоа дека ќе се запленат толку кубни метри дрва, возила, ќе се поднесат кривични пријави, мислам дека постои сите години наназад. Но, главно е како да се спречи да се почне дрвата бесправно да се сечат. Тука треба сите вниманија на Министерството и на Владата да бидат насочени дали кадровски ќе се доекипира шумската полиција со луѓе, дали со опрема, дали со разни други средства, навистина има проблем.

Бидејќи, најавивте нов закон за шуми како ќе го решите прашањето, доколку може да биде одговорот со луѓето кои што имаат приватни шуми и кои што се сега најнезадоволни од решението, бидејќи најголемите реакции се од нивна страна, не можат во одредени ситуации да сечат од сопствената шума.

Исто така, дали цената за метар кубен која што ја наплаќате, доколку сечат од сопствена шума или од сеча која што ќе ја даде шумското стопанство ќе биде намалена. Проблемот со луѓето, крадците кои крадат дрва да заработат еден, но постојат уште неколку проблеми кои што доведуваат до бесправно сечење на шумите. Мислам дека е комплексно прашањето и би сакал доколку може овие дополнителни одговори да бидат наведени во писменото одговарање од ваша страна.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

На вашето второ прашање кое беше упатено до министерот за транспорт и врски, ќе одговори заменик министерот, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам потпретседателе.

Второто прашање се однесуваше на висината на плаќање на надоместокот за становите кои се распределени во Република Македонија. Треба да нагласиме дека уредбата која е на сила за висината на надоместокот за плаќање на овие станови од времето на претходната Влада и во моментот закупнината на овие станови се плаќа врз основа на таа уредба. И ние сме на мислење дека таа е висока и меѓуврме сме добиле доста поплаки од страна на граѓаните кои се добитници на такви станови, по кои тие се жалат на висината на плаќање на надоместок. Во моментов сме во фаза на анализа на тие барања. До разгледување на истите ќе подготвиме информација која ќе ја предложиме на Влада и ќе заземеме конечен став дали постои можност таа висина за плаќање на надоместок да се уреди со нова уредба, со која значително би биле помали плаќањата за становите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Палоши.

Господине Николовски дали сте задоволен од добиениот одговор?

**Марјанчо Николов:** Да, задоволен сум, само би апелирал што побрзо да се направи анализата и навистина да се направи реална проценка на состојбата и на луѓето кои што ги добиле овие станови и кои што имаат проблем со плаќањето и да се намали закупнината, бидејќи некој им ветил.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

На вашето трето прашање ќе одговори министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Едно прашање со две потпрашања. Првото се однесуваше на фактот што наводно граѓаните односно бизнисмените во општина Велес имаат проблеми, затоа што таму нема регионална дирекција на Управата за јавни приходи.

Сакам да го известам пратеникот дека регионална дирекција нема во Велес и не е никогаш укината. До 2000-та година постоеја даночни одделенија во секоја општина во Република Македонија според тогашната територијална поделба. Сега, граѓаните на Велес и сите други кои што се даночни обврзници според постојната законска регулатива во подрачната единица на Управата за јавни приходи во општина Велес можат да ги добиваат сите услуги и не само граѓаните на Велес туку и на сите општини кои што гравитираат. На пример, Чашка и другите, така што нема ништо за што тие би биле упатени да бараат или дополнително да бараат некои услуги од Прилеп, како што беше наведено во неговото прашање. Имено, ова е административна организација на Управата за јавни приходи, која што има друга цел тоа што во одредени градови во Република Македонија има и регионални дирекции.

Второто прашање на господинот Николов се однесуваше на тоа дали Управата за јавни приходи може да обезбеди податоци, најверојатно по барање негово лично, за граѓани кои што според годишните завршни пријави требало или платиле дополнителен персонален данок од доход. Сакам да го известам дека за оние граѓани за кои што има даночни решенија, тие се јавен документ и тој може да се обрати во Управата за јавни приходи и да ги добие бараните податоци, доколку прецизно се однессуваат на конкретни даночни обврзници. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Славески.

Господине Николов дали сте задоволен од добиениот одговор, повелете.

**Марјанчо Николов:** Минисерот објасни дел од прашањето и очигледно е дека за дел од

работите е во право, за дел од работите ќе треба дополнително да одговори. Но, во секој случај постои потреба Велес од одделението, од Управата за јавни приходи да си ги задржи старите надлежности, без оглед што министерот вика дека сите услуги можат да ги добијат.

Има случаеви кога им се потребни некои документи од Управата за јавни приходи, за разни работи, на пример за конкурирање на одреден тендер, дел од фирмите се принудени да одат во Прилеп, или да чекаат од Прилеп да добијат потпис од одговорниот за да може да бидат валидни документите. Навистина постои проблем во функционирањето.

Околу пријавите, дали дополнително се поднесени даночни пријави за повеќе платен персонален данок на доход, би замолил, доколку може вака преку пратеничко прашање да добијам писмен одговор од Министерството.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

Десет минути за пратенички прашање има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас имам три прашања. Две за Министерството за внатрешни работи и едно до Владата.

Првото прашање е до Министерството за внатрешни работи.

Прашањето е, дали постои аналогија помеѓу настаните од 2001 година и сегашните, со две потпрашања, дали постои аналогија во актерите и второ дали може да се случи слична разврска со воен конфликт, како тогаш?

Тоа е прашање кое, верувам, си го поставуваат најголем број на граѓаните од Република Македонија и тоа од сосема конкретни причини. Имено, постоеа и постојат неколку совпаѓања на ситуацијата:

Прво, и тогаш и сега имаше нарушување на безбедносната ситуација во северниот дел на Република Македонија, вклучително со историското Танушевски и кумановскиот крај.

Второ, и тогаш и сега пред Македонија престојат важни моменти од нејзиното интегрирање во евроатланските структури.

Трето, и тогаш и сега постоеше интерес на меѓународната заедница за регионот, поради аспирациите на Косово за независност.

Четврто, и тогаш и сега постоеше и постои ист распоред на политичките сили. И тогаш во власта беа ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, а СДСМ и ЛДП беа во опозиција, додека пак сегашните врвни политичари од ДУИ беа во тотална опозција, така да кажам, надвор од институциите на системот. Затоа ова прво прашање го упатувам во Министерството за внатрешни работи.

Второто прашање го упатувам до Владата.

Прашањето е дали постои каква и да е можност Владата да прифати уцени за промена на името на државата. Тоа го говорам во контекст на нашиот прием во НАТО.

Ја слушнав изјавата на премиерот и ја подржувам. И јас исто така сметам дека името е инзвонредно значајно за нас и тоа е дел од нас. Името идентитетот, а идентитетот значи опстанок. Затоа, навистина ме интересира дали како граѓани на оваа земја навистина можеме да бидеме спокојни во однос на ова прашање и да продолжиме и понатаму со одбрана на своето име, на своето достоинство, на својот идентитет и на својот опстанок.

Третото прашање го поставува исто така до Министерството за внатрешни работи.

Почитувана министерке, како ја оценувате иницијативата на здружението на занаетчиите од Скопје и секцијата на фотографи кои се упатија до Уставниот суд во однос на Законот со кој е определено снимањето на фотографии за личните карти да биде во Министерството за внатрешни работи.

Фотографите и официјално се обратија и сметаат дека на тој начин им е одземен лебот и дека на тој начин се создава нелојална конкуренција од страна на државата, кон занаетчиските еснаф, во случајот кон фотографите.

Фотографите исто така ми дадоа како пример дека слично нешто било во Словенија. Имено, исто така таму бил донесен закон со кој фотографиите за личните карти најпрвин биле обезбедувани преку државата за потоа со процедура која тамошните фотографи ја презеле, да биде тоа укинато и сега и понатаму тоа го вршат.

Јас би молела за ваше мислење затоа што верувам дека тоа засега голем број на семјества. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Со оглед на тоа што имаме само 15-тина минути би ги замолил членовите на Владата да дадат одговори во овој временски период.

На првото прашање поставено од госпоѓата Поповска ќе одговори министерката за внатрешни работи.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Првото прашање се однесуваше на постоење или непостоење на сличности помеѓу настаните или аналогија помеѓу настаните од 2001 година и дел од последните случувања во 2007 година. Во тој дел Министерството за внатрешни работи постојано излегува со официјални ставови по однос на одредени случувања во однос на настанот кој се случи некаде во последните неколку недели и вчерашниот настан.

Ние излеговме со официјални информации по однос на тамошните сторители.

Во првиот настан, настанот е целосно расчистен и тука се работи за настан без политичка заднина односно се работи за криминални групи кои заради сопствени интереси се одлучиле на чекори во кои беа загрозени припадниците на Министерството за внатрешни работи. За жал, настанот заврши со трагични последици.

Доколку се бара политичка квалификација на настаните, сепак мислам дека е посоодветно одговорот на ова прашање да го даде највисокото тело кое се занимава со проценка на безбедносните состојби на државата, а тоа е Националниот совет на безбедност.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Јанкуловска.

Госпоѓо Поповска дали сте задоволни од дадениот одговор?

**Лилјана Поповска:** Благодарам потпретседателе.

Јас сум задоволна што Министерството за внатрешни работи будно ги следи состојбите, реагира инзвонредно професионално и брзо и сум задоволна од информацијата од расчистувањето на првиот настан. Се надевам дека сите ние како граѓани ќе бидеме задоволни од текот на следните настани и да се надеваме дека идната година ќе имаме повеќе можности за прослави, за убави вести од надвор и за убави успеси од внатре. Меѓутоа, јас сепак и понатаму ќе ја следам состојбата, како граѓанин и како пратеник и ќе бидам најзадоволна доколку немам потреба да поставам вакви прашања.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Вашето второ прашање беше упатено до Владата. Ќе одговори вицепремиерот Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Благодарам потпретседателе. Благодарам на почитуваната пратеничка Поповска за прашањето.

Самото прашање беше самообјаснувачко затоа што ставот на премиерот е и став на Владата на Република Македонија по однос на ова прашање.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ставрески.

Госпоѓо Поповска дали сте задоволна од одговорот.

**Лилјана Поповска:** Целосно.

**Бесим Догани:** Благодарам.

На вашето трето прашање ќе одговори министерката за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Третото прашање се однесуваше на системот за издавање на лични документи.

Република Македонија како дел од процесот на исполнување на стандардите за безбедност на документите за идентификација, од 1 април годинава имплементираше нов систем за издавање на лични документи, што подразбира целосна дигитализација на издавањето на документи, подразбира вклучување на биометриските податоци и во делот кој конкретно ги засега здружението на занаетчии односно секцијата на фотографии, вметнување на дигитална фотографија која со електронски гравер се гравира на документите за идентификација односно на личните документи како што се лични карти, возачки дозволи и пасоши. Во таа смисла Република Македонија се одлучи низ процесот на имплементирање на системот за еден исклучително сигурен систем, значи систем за издавање на лични документи по највисоките стандарди. Имено, Република Македонија е единствена земја која не е членка на Европската унија, а го има имплементирано овој стандар, за што добивме високи оценки и од Европската унија, но и билатерално од земјите со кои контактираме. Имено системот на фотографирање кој моментално се користи во Министерството за внатрешни работи е сосема различен од тој што се користи во Република Словенија. Тоа е како дополнителна информација за секцијата на фотографи, иако ние во повеќе наврати сме разговарале со нив и им е објаснато дека се работи за поинаков систем на сигурност што е невозможно да биде имплементиран, доколку фотографиите се прават некаде на друго место и со друга техника. Така што овој систем на пренос на податоците односно пренос на самиот податок кој е дигитална фотографија, а кој понатаму се гравира во самиот документ, со системот со кој Република Македонија располага невозможно е да се прави на било кој друг начин, освен на начинот на кој тоа сега се прави.

Пратеничката Лилјана Поповска спомна дека фотографиите во делот на конкуренцијата ќе поднесат или веќе поднеле иницијатива до Уставниот суд. Се разбира Уставниот суд ќе донесе одлука таква каква што смета да донесе. Меѓутоа, основата на носење на вакви закони кои ги донесе Собранието, а се разбира ги предложи Владата односно до Владата ги предложи Министерството за внатрешни работи, пред се системот на сигурност на личните документи, што е еден од клучните услови за имплементирање на заедничките миграциони политики на Европската унија. Така што со оваа инфраструктура, значи хардверска и софтверска инфраструктура која ја има Република Македонија, воопшто не постои можност фотографирањето да се врши на друг начин, а едно времено да се обезбеди исто ниво на сигурност на личните документи, што ќе повторам уште еднаш, сепак е клучно за личните документи. Се разбира фотографите си го имаат своето место на пазарот, во оној дел што значи нивна примерна работа.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Јанкуловска.

Госпоѓа Поповска дали сте задоволни од добиениот одговор.

**Лилјана Поповска:** Ви благодарам за одговорот госпоѓо министерке. Се надевам дека го слушнаа и фотографите.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Почитувани дами и господа пратеници, тука ја заклучувам 70-тата седница на Собранието на Република Македонија, известувајќи ве дека во 18,00 часот ќе ја започнеме новата 77 седница.

(Седницата заврши со работа во 17,52 часот)